УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир
Постдипломски студии од областа на безбедноста

# Безбедносни импликации од новиот бран на тероризам - терористи самотници

магистерски труд

Ментор:
Проф. д-р Тања Милошевска

Изработил:
Марио Алексовски
индекс: 5400/22

Скопје, 2024 година

# Содржина

**1. Вовед**......................................................................................3

1.1. Проблем на истражување.............................................................4
1.2. Предмет на истражување..............................................................7
1.3. Досегашни истражувања..............................................................10
1.4. Цели и задачи..................................................................................10
1.5. Дефинирање на основните поими.................................................12
1.6. Основна хипотетичка рамка..........................................................15
1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето..............17
1.8. Методи и техники на истражувањето...........................................18

**2. Теоретска експликација на поимот тероризам**..........................19

**3. Концептот на терористи волци самотници**..................................26

3.1. Дефинирање на поимот терористи волци самотници.................27
3.2. Социо-психолошки карактеристики..............................................32
3.3. Мотивација на терористот волк самотник....................................34
3.3.1 Мотивација за напади реализирани од волци самотници.........38
3.4. Влијанието на пропагандата..........................................................45

**4. Насилна радикализација**..............................................................50

4.1. Фази на радикализација на терористи волци самотници.............52
4.2. Скалила на радикализација............................................................56

**5. Екстремизам**...................................................................................61

5.1 Ефект на копирање „Copycat effect“................................................63

**6. Бихевиорални фактори**..................................................................66

6.1. Теорија на социјален идентитет, машкост и тероризам...............69
6.2. Скала за конструкција на идентитет..............................................73
6.2. Теорија на социјален идентитет на осаменик................................76

**7. Подем на саморадикализиран терорист волк самотник.**...........79

7.1. Диференцирачки елементи.............................................................81
7.2. Modus operandi на терористите самотници...................................83
7.2.1. Фази на планирање.........................................................................85
7.3. Предизвик за справување со терористи самотници......................86

**8. Заклучок**...........................................................................................91

**9. Користена литература**...................................................................95

# 1. Вовед

Од крајот на Студената војна до денес многу интелектуалци и набљудувачи предупредуваа на следниот предизвик со кој ќе се соочи западниот свет. Тој предизвик не е дека некоја нова држава ќе ја понесе месијанската визија, туку заканата од тероризам. Радикализацијата на исламот во последните децении на XX век на Блискиот Исток донесе голема пресвртница во почетоците на XXI век. Поготово по добро испланираните терористички акти врз граѓаните и воеhisto раководство на САД кои се случија на 11 септември 2001 година. Интелектуалците не можеа да ги предвидат прецизните напади на 11 септември, но јасно ја разбраа таа закана. Тие покажуваа загриженост, но нивните предупредувања се изгубија некаде во бучните 90-ти години на XX век. Таа бучава исчезна токму на 11 септември. На нејзино место излезе на површина силната вера до корен да се скршат терористичките организации одговорни за овие напади со глобален консензус. Пред да дојдат овие претпоставки сè започна на Блискиот Исток каде што се измешаа политиката со верата, верата со насилството, насилството со тероризмот.

Во 80-тите години на XX век како општество, имаше работа со повторлив, приспособлив непријател со неизмерна стрпливост. Светот се соочи со обесхрабувачки воени, политички, економски, финансиски и дипломатски промени. Каде што почнавме да живееме со лажни претпоставки за нашиот непријател и за околината во која тој дејствува. Модерниот свет на ваквиот „недопирлив“ непријател придонесе полесно да се измешаат со обичното население и да им се отвори пат за извршување на посакуваните цели.

Терористичките организации кои почнаа да делуваат во светот почнаа да ги искористуваат сите механизми за добивање на посакуваното. Нивната интелектуална и психолошка способност помогна лесно да привлекуваат нови лица, да се обучуваат и спремаат за наредни насоки. Но, многумина не успеваат да влезат во овие кругови и нивната можност за едукација ја гледаат во интернетот и медиумите. Затвореноста и таинственоста што ги имаат поврзувајќи ги со

насоченоста кон радикалните организации кои пропагираат една единствена цел, ширење на исламот по секоја цена ги прави поединци кои претежно делуваат сами. Ваквите поединци се нарекуваат уште терористи волци самотници. Со делувањето на терористите волци самотници, се увиде дека ваквите лица имаат способност сами да делуваат и со тоа се недопирливи за безбедносните институции, истовремено направија терористичките групи да го изгубат акцентот и светот да се сврти кон нов и непроучен непријател. Тој претставува растечки феномен, додека истражувањата на оваа тема се со одредени недостатоци, бидејќи овој вид насилство е еден од најмистериозните и непредвидливи облици/форми на тероризам.

Од сето ова можеме да кажеме дека за половина век дојде до целосна промена на војувањето и промена на безбедносните закани во светот. Ако ја погледнеме скалата на безбедносните закани, може да се види дека сѐ започна со меѓунационалните војни и војните за заземање што поголема територија, преку организираните терористички групи се стигна до поединци кои можат да направат голема човечка и материјална штета. Овие нови терористи волци самотници се новиот предизвик на XXI век. Во споредба со групниот тероризам или спонзорираниот тероризам од одредена мрежа терористи, осамените оператори имаат критична предност во избегнување идентификација и откривање пред и по нивните напади, бидејќи повеќето од нив не комуницираат со други во однос на нивните намери. Затоа претставуваат непредвидливи форми на тероризам со насилни дејства кои се кошмар за полицијата и разузнавањето и истовремено ја нарушуваат националната безбедност на сите земји.

## 1.1. Проблем на истражување

Природата на тероризмот значително се промени во текот на последната деценија. Во последниве години, феноменот на таканаречениот тероризам волци самотници се зголеми преку многубројни терористички напади извршени од страна на поединечни актери. Промената на природата на тероризмот предизвика

дебата за тоа како точно да ги опишат поединците кои дејствуваат независно од синџирот на команда на терористичката организација.

Денес, една од најпредизвикувачките и непредвидливи форми на тероризам се насилни терористички дејства извршени од страна на поединци, честопати наречени терористи волци самотници. Еден од главните проблеми во откривање на евентуалните волци самотници е тоа што не постои конзистентен или типичен профил на волк самотник.

Меѓутоа, честата неможност на волците самотници за регрутирање или приклучување кон други лица за терористички цели не значи дека тие ја напуштаат целата општествена интеракција или дека нивната социјална средина нема да учествува во нивното наведување. Волците самотници вообичаено се радикализираат и онлајн и офлајн преку „радикалните милјеа“. Преку таквата интеракција, тие развиваат слаби или придружни социјални врски со радикалните актери, дури и ако нивната интеграција и социјализација во овие милјеа честопати се делумни, периферни и дисконтинуирани.

Во суштина, нападите од волк самотник претставуваат недефинирана закана за националната безбедност, бидејќи тие се навидум невозможни за предвидување или за собирање разузнавачки информации.

Државите низ светот имаат поставено безбедносни стратегии за можните закани и ризици од тероризмот, но овој облик на тероризам е сѐ уште не доволно проучен, а можеби во повеќето држави и не е перципиран како закана која може да предизвика енормно големи загуби.

Терористите волци самотници ги ризикуваат сопствениот живот и слобода за својата кауза. Зошто некој поединец ќе го преземе овој ризик? Генерално, зошто кој било поединец ќе одлучи да се жртвува за некоја причина?

Одговорот на овие прашања бара, пред сѐ, длабинско, базирано на докази разбирање на еволуцијата на тероризмот волк самотник, радикализацијата на осамените волци и општествено-политичките контексти во кои се наоѓа феноменот. Овој магистерски труд има за цел да обезбеди таков увид. Притоа, трудот се обидува да понуди значајни чекори кон превенција преку обезбедување нови начини на размислување и одговор на тероризмот волк самотник. Ова бара

јасна дефиниција на феноменот, односно како се разликува овој вид тероризам од другите видови тероризам.

Во есејот на Стратфор за глобално разузнавање, Скот Стјуарт и Фред Бартон ги нарекуваат терористите волци самотници како „осамени актери кои не дејствуваат со други“ или според нив „осамениот волк е самостоен оперативец кој по својата природа е вграден во таргетираното општество и е способен за самоактивирање во секое време.“ Тие се гледаат себеси како претставуваат некоја поголема група или кауза и може да имаат одредено искуство во група, организација или социјално движење поврзани со оваа кауза. Според тоа, нивната мотивација е важен дел од тероризмот, а можеби и една од најважните причини кои би ги натерало до извршување ваков чин.[1] Поголемиот процент на волци самотници припаѓаат на некоја терористичка организација, каде што претходела обука за ракување со оружје или експлозиви и истото можат да го применат во изведување терористички напади. Сето ова ни покажува дека прво се работи за лица кои се добро обучени, кои може да имаат одредена психолошка позадина (изолација, депресија, страв), слаба комуникација со надворешниот свет што придонесува за тежина околу откривање на ваквите сторители или лица кои би сториле терористички акт.

Додека идеолошката мотивација на волкот самотник делумно објаснува зошто овој феномен добил хиперболичко внимание во академските кругови, токму самиот статус на „осаменик“ го прави овој терорист уникатен, слабо разбран и, што е најважно, непредвидлив во неговиот или нејзиниот избор на цели за насилство. Поради недостатокот на терористички тренинг и логистичка поддршка, волците самотници обично ги избегнуваат тешките цели (како што се добро зајакнати владини згради) во корист на поедноставни напади врз делумно обезбедени меки цели (како што се јавни собири).

Овие карактеристики го разликуваат тероризмот извршен од неповрзани поединци од оние кои се направени од поширoки радикални движења. Далеку повеќе од фигура на говорот, тогаш концептот на „терорист волк самотник“ е

---

[1] S. Stewart and F. Burton (2009). Lone Wolf Lessons“, *Security Weekly*, достапно на: https://www.stratfor.com/weekly/20090603 lone wolf lessons

епистемолошко препознавање на методите, валидноста и обемот на оваа посебна форма на политичко насилство. Овие терористи претежно ги бираат меките цели, односно невини луѓе кои се движат на јавни места, т. е. лесно пристапните како што се трговски центри, железнички станици, плоштади, училишта, верски храмови и сл. Тоа покажува дека, ако безбедносните служби не можат порано да ги детектираат ваквите лица или целите на напад кои се лесно достапни, претстои безбедносен ризик од терористички напади од терористи волци самотници.

Вакви примери за терористички напади од самостојни терористи се забележани од 2006 до 2019 година, односно петте најголеми напади на волци самотници на Запад се случиле во четири различни земји. Најголемата категорија напади реализирани од волци самотници на Запад биле политички напади – 37 напади во кои имаше 110 загинати и 135 повредени.[2]

Сите овие карактеристики и примери ни покажуваат на една сложеност и неможност за навремено откривање на терористите кои делуваат сами, нивната поделеност и тајност го претставуваат новиот бран на безбедносни импликации со кои светот моментално се соочува и ќе се соочува во наредните години.

Проблемот на ова истражување ќе биде фокусиран на една од најнепредвидливите форми на терористички акти – оние што ги извршил еден поединец, т.н. „волк самотник“.

## 1.2. Предмет на истражување

За да можеме да навлеземе подлабоко во безбедносните импликации од новиот бран на тероризам терористи волци самотници, првично мора да се опфати општиот дел за тероризам. Затоа како предмет на истражување ќе бидат терористите волци самотници, како нов настанат проблем кој е недоволно проучен, а последиците кои ги предизвикуваат тие се катастрофални како по човечките животи така и по материјалните добра.

---

[2] Miloshevska, T. (2019). The Concept of Lone-Wolf Terrorists. *Annuaire*, Volume 72, Skopje, Faculty of Philosophy.

Неодамнешните настани доведоа до зголемено внимание на релативно ретката форма на тероризам: терористи волци самотници кои планираат и спроведуваат напад без помош од други. Тие се гледаат себеси како претставници на некоја поголема група или кауза и може да имаат некое искуство во група, организација или општествено движење поврзано со оваа причина.

Предмет на истражување ќе претставува идентификација на три категории:

1. индивидуални терористи кои тренираат сами и ги избираат сопствените цели;
2. лица кои добиле обука од терористички организации и им биле дадени цели за напад;
3. и парови кои можеби се радикализираат едни со други, но кои не добиле надворешна насока.

Другиот предмет на истражување се однесува на насилната радикализација. Во случаи на терористи волци самотници, поединецот обично станува радикализиран во рамките на неговите или нејзините сопствени достигнувања, како на пример преку насилни медиумски слики, онлајн проповеди и политички сведоштва или лично почитување на терористите кои претходно реализирале напади. [3] Малите терористички групи (вклучувајќи двојки или трио) имаат поинаков вид динамика, при што радикализацијата се случува со конспиративна помош на другите членови на групата.[4]

Нивното актуелно или минато учество во радикалните миљеа ги изложува на авторитетни личности и лидери кои можат да обезбедат оправдување за употребата на насилство или да обезбедат „модели на улоги“ чија вмешаност во тероризам може да ги инспирира сопствените напади на самите актери. За повеќето поединци, повредите или убивањето други лица бараат надминување на внатрешните морални бариери за употреба на сила. Изложеноста на екстремистички идеологии и авторитетни фигури може да игра клучна улога во овој процес и истражувањата покажале дека 78 проценти од осамените актери

---

[3] Spaaij, R. (2012). *Understanding Lone Wolf Terrorism: Global Patterns, Motivations and Prevention*. New York: Springer.

[4] Hamm, M. S. (2002). *In Bad Company: America's Terrorist Underground*. Boston: Northeastern University Press.

биле изложени на надворешни извори на охрабрување или оправдување за употреба на насилство.[5]

Терористите предизвикуваат терористички реакции во светот. Во март 2015 година, една низа екстремно десничарски терористички напади започна со нападите на две џамии во Крајстчерч. Сторителот уби 51 лице додека одеше пренос во живо на неговиот смртоносен напад преку „Facebook Live“. Во првите 24 часа по нападот, „Фејсбук“ отстрани 1,5 милиони копии од видеото. Тоа инспирираше copycat modus operandi напади во Ел Пасо, Повеј, Баерум, Осло и Хале.[6] Низа салафистички-џихадистички напади врз меки урбани цели започна и со нападот во Ница во јуни 2016 година, што влијаеше на извршениот терористички акт на божиќниот пазар во Берлин во декември 2016 година и нападот во Барселона во август 2017.

Терористите волци самотници моментално следат сличен начин на работа: 1) објавуваат манифест на интернет; 2) извршуваат напад на целна група додека реализираат пренос во живо на интернет и 3) објавуваат најдобри практики, научени лекции и повикување на имитација.

Овој нов бран на терористи сѐ повеќе претставува закана за целиот свет. Долгорочните податоци откриваат дека процентот на неповрзани напади или напади извршени од поединци без поврзаност со терористичка група се зголемил од помалку од пет отсто во средината на 1970-тите на над 70 отсто за периодот помеѓу 2014 и 2018 година.[7] Тоа ни покажува дека трендот на ваквите случувања е динамичен и може да претставува безбедносен ризик за секоја држава.

Генерално, според податоците, екстремно десничарските терористи имаат помала веројатност да бидат формално поврзани со некоја група отколку другите терористи. Инцидентите на екстремно десничарскиот тероризам се зголемуваат

[5] Schuurman, B, et al. (2017). “Lone Actor Terrorist Attack Planning and Propaganda: A Data Driven Analysis.”, *Journal of Forensic Sciences*, достапно на: 10.1111/1556-4029.13676.
[6] Global Terrorism Index (2022). Global terrorism index Vision of humanity, Institute for Economics and Peace, достапно на: https://reliefweb.int/report/world/global-terrorism-index-2022
[7] Global Terrorism Index (2019). „The Rise of the Self-Radicalised Lone Wolf Terrorist“ – Global terrorism index Vision of humanity, Institute for Economics and Peace, достапно на: https://www.visionofhumanity.org/increase-in-self-radicalised-lone-wolf-attackers/

на Запад, особено во Западна Европа, Северна Америка и Океанија. Во текот на изминатите пет години, вкупниот број инциденти е зголемен за 320 %.[8]

## 1.3. Досегашни истражувања

Гледано на светско ниво, па и кај нас, многу автори ја имаат истражувано и обработувано темата тероризам. Но, како посебен феномен на тероризмот и како нова опасност во светот малку автори во нашата држава ја имаат обработувано темата за терористите волци самотници. Таков научен труд во нашата земја има сработено професорката Тања Милошевска под наслов „Концептот на терористи волци самотници“ во 2019 година, како и професорот Митко Котовчевски во неговата книга „Современ тероризам“ каде што спомнува за т.н. „аматерски терористи“ и „терористи поединци“ (со мала или без никаква поврзаност со постојните терористички групи) кои ја отвориле новата „терористичка страница“ на деведесеттите години на минатиот век и пожестоко преминале во новиот век.[9]

Во следното поглавје од идејната скица ќе се образложат целите на овој труд и придонесот кон постојните истражувања за поцелосно разбирање на начините на делување на терористите волци самотници, а преку тоа да се овозможи превенција и спречување на можните несакани безбедносни импликации.

## 1.4. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е научна дескрипција, анализа и идентификација на терористите волци самотници и безбедносните импликации

---

[8] ibid

[9] Митко Котовчевски (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.

од новиот бран на тероризам пресликан преку дејствувањето на терористите волци самотници.

**Посебни цели:**

— Анализа на податоци за активностите на новиот бран на терористите волци самотници.
— Да се идентификуваат начините на делување на терористите волци самотници.
— Да се идентификуваат начините за намалување на можните негативни делувања на терористите.
— Да се откријат процесите за полесно пронаоѓање на истите.
— Да се испитаат тенденциите на развој, можните решенија и потенцијалните фактори на ризик.
— Да се види каква е моменталната состојба за ризик од терористи волци самотници во Македонија.
— Да се воспостават стандардни оперативни процедури во Македонија за справување со терористи волци самотници.

Со оглед на целите, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

— Да се утврди дали е потребна поголема соработка помеѓу разузнавачките агенции и полицијата.
— Да се идентификува динамиката на манифестирање на активностите на терористите волци самотници како сериозна закана за националната безбедност на државите.
— Да се утврдат нивото и степенот на загрозеност на граѓаните на една држава од активностите на ваквиот вид тероризам.
— Да се утврдат нивото и степенот на загрозеност на критичната инфраструктура од потенцијалните напади од терористи волци самотници.
— Да се потенцира во колкава мерка се застапени терористичките напади во светот реализирани од терористи волци самотници.

## 1.5. Дефинирање на основните поими

- **Тероризам**

Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање понатамошни (идни) политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединци или групи, или да се измени нивното однесување и политика.[10]

Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението сè со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.[11]

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[12]

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот – Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење застрашување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција, или од страна на мала група поединци.[13]

[10] Митко Котовчевски (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.
[11] Воин Димитриевиќ. (2009). *Преговарање и тероризам*, Београд.
[12] Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
[13] Wilkinson, Paul. (2001). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.

## ➢ Терорист волк самотник

Прецизна дефиниција на терорист волк самотник е императив, особено затоа што терминот често се злоупотребува или се користи непрецизно. Во магистерскиот труд поимот „терористи волци самотници“ ќе се однесува на терористички акции извршени од лице поединец, наспроти оние извршени од страна на терористички организации или државно-спонзориран тероризам. Елементот на тероризмот кој е истакнат во оваа разлика – имено, субјектот кој извршува терористичко насилство (поединец) – следува во традицијата на истражувачите кои го дефинираат осамениот волк како „личност која дејствува сама по себе без наредби  или врски со одредена организација.“[14]

Истражувачите честопати овој феномен во литературата го нарекуваат со псевдонаучните зборови како што се „тероризам со еден актер“, „тероризам соло актер“, „изолиран тероризам“, „самостоен тероризам“, „идиосинкретичен тероризам“, „осамен одмазднички тероризам“ или „терор на актер осаменик“.

## ➢ Радикализација

Поимот „радикализација“ се однесува на процесот во кој едно лице сè повеќе се залага и поддржува екстремистички идеи. Радикализацијата, вообичаено, не резултира само од едно влијание, туку тоа резултира од сложена мешавина на фактори и динамики. Се работи за концепт што е различно толкуван. Во некои случаи, терминот се користи на начин на кој се сугерира имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Ова е проблематично не само од причина што не сите што имаат радикални (или екстремистички) идеи нема да се впуштат или поддржат насилно дејство туку и поради фактот што тие имаат право да имаат сопствени идеи – без оглед на нивната природа, а тоа е заштитено во меѓународното право како основно човеково право.[15]

---

[14] Burton, F, Stewart, S. (2008). “The ‘Lone Wolf’ Disconnect,” *STRATFOR Global Intelligence*, Достапно на: http:// www. stratfor.com/weekly/lone wolf _ disconnect.

[15] OSCE. (2019). *Understanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights.* A Guidebook for South-Eastern Europe, Transnational Threats Department: Vienna, Austria, Достапно на: https://www.osce.org/resources/publications

- **Насилен екстремизам**

Во *American Heritage Dictionary* екстремистот се дефинира како „личност која се залага или прибегнува кон мерки надвор од нормата, особено во политиката.“ Нешто слично се дефинира и во *Oxford Learner's Dictionary* како политички, верски итн. идеи или постапки кои се екстремни, неразумни или неприфатливи за повеќето луѓе.

Насилниот екстремизам може да се дефинира како „поединци или групи кои се обидуваат да ги променат политиките на општеството или владата преку закана или употреба на насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели.“[16]

Иако екстремистите не се неопходно вклучени во насилство, фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние кои не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии или физичко приклучување кон насилни групи.

- **Безбедност**

Според Слободан Милетиќ, „безбедност е именка, и тоа апстрактна, односно мисловна именка која не е од материјална природа, значи не може да се допре, туку само се чувствува и се замислува.“ Тој смета дека човекот е „безбеден ако не е изложен на опасности, кога е заштитен од загрозување и повредување на неговиот физички интегритет, неговата приватност, достоинство и сигурност, кога се заштитени неговите слободи и права, посебно правото на сопственост, т.е. кога имот е заштитен од отуѓувања, уништувања или оштетувања против неговата

---

[16] Hutchinson, Jade. (2017). "*Violent Extremism and Far-Right Radicalism in Australia: A Psychosocial Perspective*", Counter Terrorist Trends and Analyses, vol. 9, no. 11, International Centre for Political Violence and Terrorism Research, pp. 16–19, достапно на: http://www.jstor.org/stable/26351568

волја“ [17] Оттаму, авторот смета дека „безбедноста на човекот е состојба на заштитеност на човекот од опасности“, односно „безбедноста на граѓаните не е можна без безбедност на нивната држава и обратно.“

За Синиша Таталовиќ безбедноста е „структурен елемент на опстојувањето и дејствувањето на поединците, општествата, државите и меѓународната заедница и таа е една од темелните животни функции.“[18]

Митко Котовчевски смета дека „безбедноста може да се третира како состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци, општествени заедници и природата, или безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а, исто така, и дејност, односно систем.“[19]

- **Разузнавачка активност**

Според Random House Dictionary, разузнавачката активност подразбира „собирање тајни информации; информации за противникот или за потенцијален противник.“[20] Целта на разузнавањето не се само веќе докажани терористи, туку секое лице кое би можело да изврши терористички напад во иднина. Разузнавањето е тешка активност, поради самата таинственост која ја имаат терористичките организации меѓу себе, а уште потешка за лицата самотници кои сакаат да извршат терористички чин.

## 1.6. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за новиот бран на терористи волци самотници како растечка закана за безбедноста и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување, ќе ја поставам следнава општа хипотеза:

---

[17] С. Милетић. (1997). *Полицијско право*, Полицијска академија, Београд, стр. 22.
[18] SinišaTatalović. (2006). *Nacionalna i međunarodna sigurnost, politička kultura*, Zagreb, стр. 11.
[19] Митко Котовчевски. (2000). *Национална безбедност на Република Македонија*, прв дел, Македонска цивилизација, Скопје, стр.21
[20] Adams J., Pimliko. (1995). *Exploring the Frontiers of Espionage*, London, UK.

Новиот бран на терористи волци самотници како растечки феномен ќе има значајни негативни безбедносни импликации врз индивидуалната и глобалната безбедност.

**Посебни хипотези:**

- Неможноста да се дојде со консензус околу дефинирањето на терорист волк самотник ќе резултира со негативни импликации за донесување ефективен пристап и креирање модел за справување со терористички акт/и извршен/и од волк самотник на глобално ниво.
- Видот на политичката заедница е клучен начин за усвојување конкретни одлуки, политики и стратегии.
- Спречувањето на тероризмот преку справување со радикализацијата и насилниот екстремизам стана глобална карактеристика на националните стратегии, што резултира со развој на многу политики и практики насочени кон спротивставување и спречување на терористички акти.
- Воспоставување ефикасни процедури и стратегии за рано пронаоѓање и следење на терористите самотници имплицира намалување на негативните импликации врз безбедноста.
- Активното меѓународно учество во справување со глобалниот предизвик од новиот вид закана ќе придонесе за зголемување на државните капацитети за справување со волците самотници.
- Преку соработка на сите засегнати страни за унифицирање безбедносни норми и стандардизирање на соработката ќе се воспостави задолжително ниво на заштита.

**Варијабли**

*Предикторска варијабла (независна варијабла)*

– Национална стратегија за безбедност, контратерористички пристапи, избрани модели и користени инструменти во справување со тероризмот настанати од дејствувањето на терористите волци самотници.

*Критериумска варијабла (зависна варијабла)*

– Постигнати резултати во справување со тероризмот реализиран од страна на терорист волк самотник.

## 1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Државите во светот по актуализирање на прашањето за тероризам, односно по случувањата од 11 септември 2001 година, почнаа да бараат решение за ова прашање. Почнаа да ги менуваат нивните закони, да ја зголемуваат способноста на полициските и воените единици за справување со терористички напади, да ја зголемуваат будноста на агенциите за разузнавање, да ја зголемуваат безбедноста на настани од јавен карактер и др. Поточно преземени се три димензии или модели за реакција на тероризмот: употреба на политика и дипломатија (преговарање), употреба на спроведување закони и системи на казнено законодавство и употреба на вооружени сили.[21] Но, ваквите активности преземени од самите држави не се доволни за справување со новиот бран на терористи волци самотници. Затоа научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на научно недоволно познатите и проучени сознанија и профил на лица кои имаат цел да извршат терористички акти (самостојно) и да даде насока за подобрување на меѓународната соработка и изнаоѓање нови форми и методи за превенирање и сузбивање на активностите на истите.

[21] Тања Милошевска (2018), *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Скопје.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат можностите на заедничко дејствување во насока на намалување на бројот на потенцијални човечки и материјални штети. Трудот ќе ја согледува општествената реалност низ призмата на безбедноста и заканите, каде што се апострофираат определени специфични димензии, се респектира комплексноста на проблемите што се истражуваат и се поврзани со терористите волци самотници, но и се нагласуваат посебните научни аспекти.

## 1.8. Методи и техники на истражувањето

Во овој труд ќе се користат повеќе истражувачки методи, додека во истражувањето ќе има примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците со кои ќе се обидам да направам една целина со која би помогнал во справување со терористите волци самотници и безбедносните импликации кои ги носат со нив.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка, односно техника за собирање податоци ќе се користат анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

## 2. Теоретска експликација на поимот тероризам

Еволуцијата на тероризмот ги отсликува неговата комплексност, динамичност и интензивност, но и неговата огромна опасност за националната безбедност на државите, како и на севкупната меѓународна безбедност. Денес меѓународните односи се карактеризираат со појавување нови поопасни форми на тероризам со можност да предизвикаат и масовни последици, со што светот полека станува заложник.[22]

Поширокото и прецизното дефинирање на тероризмот придонесува за идентификување на неговите елементи кои константно се појавуваат во терористичките акти. Сепак, потребно е да се води сметка дефиницијата да не се конструира со едноставно набројување на доминантните елементи на тероризмот и затоа е потребно да се земат предвид одредени општествено-политички прилики во кои тероризмот настанува и се исполнува.

Тероризмот стана поим кој започна да се споменува речиси во секое криминално однесување, односно секое насилство, малтретирање, изживување, убивање и сл., но дали навистина станува збор за тероризам? Зборот тероризам потекнува од зборот „терор“ што значи „голем страв“ кој потекнува од 1793 – 1794 г. за време на Француската револуција, каде што се поврзува најмногу со државниот тероризам. Тероризам како тероризам не подразбира само масовно убивање, не подразбира само малтретирање на одредено население, само силување и сл., тој можеби претставува сосема идентичен облик на криминалитет со воените злосторства (при што честопати е тешко да се направи разлика помеѓу тероризмот и воениот криминал или друг вид криминал).[23] Овој процес на одредување на поимот тероризам и неговите составни компоненти дополнително го комплицира фактот дека неговата содржина се менува низ времето, станува збор за динамична компонента што ги менува своите појавни облици и форми во зависност од временските и просторните детерминанти и кои се прилично од политичка

---

[22] Bockstette, C. (2008). *Jihadist Terrorist Use of Strategic Communication Management Techniques,* George C. Marshall European Center for Security Studies, Number 20.
[23] Митко Котовчевски (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, стр.82-83.

природа. Како поим почна активно да се споменува по нападите на 11 септември (но не значи дека пред тоа не е користен) и секој одбранбен механизам по настаните од овој датум, првично САД, а подоцна и кај другите држави, се насочи во борба против тероризмот. Тука станува збор за модерниот терор кој започнува во Русија во 80-тите г. на XIX век, а по една декада се појавува во Западна Европа, на Балканот и Азија. Каде што постепено стариот тероризам полека бледее, а неговото место го зазема модерниот тероризам кој се третира во четири нивоа, и тоа: *индивидуално, како организација, како држава и меѓународен систем*. За да се разберат причините за тероризам, потребно е добро да се анализираат сите четири нивоа.[24]

Значаен број автори вниманието го насочуваат на основните елементи на тероризмот (со што се избегнуваат еднострaност и површност во одредување на неговата суштина) имајќи предвид политичка и мотивирана намера, организираност, последиците од терористичките акти и исклучителна разновидност и број на можните напади, комуникативност и др. Многу автори ги констатираат следните елементи на терористичките напади:

1. Актот на насилство;
2. Политичка, верска, етничка и расна мотивираност;
3. Политички цели и пораки;
4. Создавање атмосфера на страв, ужас, недоверба;
5. Суровост и безобѕирност;
6. Невини жртви;
7. Јавност/комуникативност и
8. Незаконит криминален чин.

[24] *Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс.* (2009). *Напад на тероризмот,-Елементи на грандиозна стратегија,* стр. 19, НИРО "*Књижевне новине*", Београд, стр. 38–40, Димитријевић, В. (1982). *Тероризам*, Радничка штампа, Београд, стр. 122–149 и Гаћиновић, Р. (1996). *Како против тероризма*, Младост, Београд, стр. 26

Покрај овие елементи се наведуваат и други конститутивни елементи на тероризам: метод, средства, тактика, самоволие, безличност, уцена, принуда и др.[25]

Од анализата на дефинициите за тероризам, како и понудените елементи на тероризам, може да се заклучи дека постојат 5 (пет) основни, клучни елементи на тероризам кои ги вклучуваат сите останати елементи на тероризам и се наоѓаат во сите дефиниции. Врз основа на овие елементи, тероризмот може да се определи: предметно, содржински и суштински.

Секако, важна е околноста дека тие елементи се групирани по одредени битни обележја, односно дека вклучуваат повеќе слични одредувања во еден елемент. Предвид се земени основни односно одредувачки елементи на тероризмот, при што се подразбира дека тие вклучуваат и останати елементи на тероризам. Значи, неспорни се следните елементи на тероризам:

• носители на тероризмот,

• цели,

• жртви,

• насилство и закана со насилство и

• предизвикување страв.[26]

Концизната дефиниција за тероризам може да се даде кога сите елементи погоре наброени (насилство, малтретирање, иззживување, убивање, внесување страв, убедување и сл.) вклучени во една целина со дополнително привлекување на јавното внимание (со дополнителна помош од медиумите или преку веб-сајтовите и социјалните мрежи)[27] претставува тероризам. Со случувањата во минатото, односно пред 11 септември, а поготово по 11 септември, авторите го актуализираат поимот тероризам и секој на свој начин проба да го издефинира.

[25] Бајагић, М. (2007). *Основи безбедности*, Криминалистичко-полицијска академија, Београд, стр. 211, Пашански, М. (1987). Савремене камиказе – транснационални тероризам и дипломатија.
[26] Злате Димовски, Кире Бабаноски, Ице Илијевски. (2019). *Заштита при терористички напади,* Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје.
[27] Paul D. Williams. (2012). *Security studies*, London.

Суштината на поимот тероризам може да се извлече од повеќето дефиниции кои ги даваат авторите.

Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање понатамошни (идни) политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединци или групи, или да се изменат нивното однесување и политика.[28]

Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението сè со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.[29]

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[30]

Анализата на голем број дефиниции упатува на заклучок дека тероризмот претставува закана за користење или реално користење насилство (терор) за постигнување политички цели. Не постои тероризам без терор, но, од друга страна, секој терор, секој чин на насилство не мора да значи и тероризам. За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел.[31]

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот – Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење застрашување со цел да се оствари принуда од страна на

---

[28] Митко Котовчевски (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.
[29] Воин Димитриевиќ. (2009). *Преговарање и тероризам*, Београд.
[30] Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
[31] Schmid, P. Alex; Jongman, J.Albert (1988) *Political Terrorism: A New Guide to Actors, Authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature*, Amsterdam: North-Holland Publishing Company.

револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција, или од страна на мала група поединци.[32]

Од делата на Crenshaw[33], Hoffman[34] и Claridge[35] можеме да извадиме една јасна дефиниција каде што „тероризмот претставува плански акт на насилство или закана со примена на насилство кои го преземаат одредени групи или поединци со цел да влијаат на општествениот и политичкиот живот на одредена заедница, односно кои се насочени кон освојување или зачувување на власта.“[36]

Гледано од другата страна на тероризмот во 1974 година, со пиштолот врзан за неговиот колк, Јасер Арафат стоеше пред Генералното собрание на ОН и прокламираше дека „разликите помеѓу револуционерите и терористите лежат во причината поради која тие се борат.“ Споредувајќи ги американските револуционери против Британците и европскиот отпор против нацистите, тој продолжи: „Кој било што се држи до правична цел и што се бори за слобода и ослободување на неговата земја од напаѓачи, доселеници и колонијалисти не може да биде нарекуван терорист... Што се однесува на оние што се борат против правичните цели, оние што ја водат војната со цел да окупираат, да колонизираат и да потиснуваат други – тие се терористи.“[37] Можеби ваквата дефиниција ги оправдува сите оние терористички организации или волци самотници кои ја подржуваат ваквата политика и имаат за цел да извршат или извршиле терористички акт.

---

[32] Wilkinson, Paul. (2001). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.

[33] Crenshaw, M., (1983). „Introduction: Reflections on the Effects of Terrorism,” in M. Crenshaw (ed.) *Terrorism, Legitimacy, and Power: The Consequences of Political Violence*, Middletown, CT: Wesleyan University Press.

[34] Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism*, revised and expanded edition, New York: Columbia University Press.

[35] Claridge, D., (1996). “State Terrorism? Applying a Definitional Model”, *Terrorism and Political Violence*.

[36] Miloševic M. (200). *Odbrana od terorizma*, Svet knjige, Beograd.

[37] Yasir Arafat, (1974), address to the UN General Assemble.

Тероризмот како феномен има сложена структура затоа од сите дадени дефиниции сѐ уште нема јасна и прецизна дефиниција и не е законски дефиниран бидејќи тука се плетат идеолошките, социјалните, религиозните, етничките, психолошките и други елементи. Освен тоа, се преклопуваат и форми на насилство како војна, партизанска (герилска) борба, организираниот криминал итн. Согледувајќи ги сите наведени сфаќања за поимот тероризам, станува јасно дека тероризмот во секој случај претставува облик на криминална активност кој ги содржи следниве карактеристики:

• извршување акти на насилство;

• застрашување или создавање чувство на страв;

• загрозување и повредување на вредности како што се животот, здравјето, моралниот интегритет, имотот, јавната и државната безбедност и

• постоење на посебен мотив за извршување, кој се согледува во остварување одредена политичка, социјална, национална, идеолошка или религиозна цел.

Правењето разлика помеѓу политичкиот и обичниот криминал ќе придонесе подобро да се разбере поимот тероризам. Во тој случај насилните дејства обично се категоризираат според сторителот, жртвата, методот и целта.[38]

Исто така за да се класифицираат како тероризам, дејствата мора да бидат дизајнирани да имаат далекосежни психолошки реперкусии надвор од непосредната жртва или цел. Со други зборови, акцијата мора да има за цел да создаде терор преку „нејзината шокантна бруталност, недостаток на дискриминација, драматичен или симболичен квалитет и непочитување на правилата на војување.“[39]

И сето ова мора да биде спроведено или од организација со препознатлив синџир на команда или структура на заговорни ќелии (чии членови не носат униформа или ознаки за идентификација), или од поединци или мала збирка

---

[38] Coady, CA .(1985). *Моралот на тероризмот*. Филозофија, 60 (231), 47-69.
[39] Шмид, АП (2012). Ревидираната академска консензус дефиниција за тероризмот. *Перспективи на тероризмот*, 6 (2).

поединци директно под влијание на логичните цели или пример на некои постојното терористичко движење и неговите водачи (обично наречени напади на „волк самотник“).

Носителите на тероризмот претставуваат групи кои извршуваат терористички напади и може да се поделат на државни и недржавни. Кога станува збор за целите, тие се најчесто од политичка природа, но може да бидат верски, етнички или национално мотивирани. Кога се зборува за жртвите, се разликуваат два вида жртви, и тоа: непосредна, која трпи последица, и посредна, кон која е упатена пораката. Насилството и заканата од насилство е конститутивен елемент на тероризам што укажува на заклучок дека нема тероризам без насилство. Стравот е примарен ефект којшто носителите на тероризмот го предизвикуваат поради остварување поставени терористички цели.

Од сите наведени елементи се воочува присуство на неколку битни одредници на тероризмот и терористичката акција. На нивна основа се гледа дека нема тероризам без употреба на насилство, како и без идеолошко-политички карактер на активностите што може да се каже за предизвикување страв и за организирано делување кон целта.

Поради сложеноста и специфичноста кои ги има тероризмот, околу целосното и прецизното дефинирање на овој термин, во голема мера, го комплицираат начинот на дејствување, целта (политичка, верска, одмаздувачка и сл.), интензитетот на дејствување и др. Мора да се согласиме дека тероризмот во секоја земја претставува противправно дело. А за да се избегнат недоследноста и двосмисленоста за објективното детерминирање на поимот тероризам, голем број аналитичари се залагаат тероризмот да се дефинира според природата на чинот, а не според идентитетот на извршителите или според природата на нивните идеали.[40]

[40] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

# 3. Концептот на терористи волци самотници

Денес, во современата меѓународна заедница почнуваат да егзистираат нови и поопасни форми на тероризам со можност да предизвикаат и масовни последици со кои полека светот постанува нивни заложник. Најновата, а можеби и најголемата опасност е опасноста од нападите на терористите кои делуваат со исти цели, но сами. Секогаш голем предизвик за цивилизацијата е она што не може да се предвиди: кога, како и со што ќе предизвика одреден чин кој може да биде со голема смртност на невино население. „Кога имате една личност која е психолошки нестабилна или водена од идеологија на омраза, таа може да направи многу штета, и многу е потешко да се пронајде тој волк самотник.“[41]

Лицата кои делуваат сами, надвор од терористичките организации, авторите ги нарекоа „терористи волци самотници“. Но, честопати може да се сретне овој феномен со такви псевдонаучни зборови како што се: „тероризам со еден актер“, „тероризам соло актер“, „изолиран тероризам“, „самостоен тероризам“, „идиосинкретичен тероризам“, „осамен одмаздннчки тероризам“, „терористи самотници“ или „терор на актер осаменик“. Истражувачите веруваат дека напаѓачите терористи волци самотници се фундаментално различни од луѓето кои учествуваат во организираните терористички организации. Пред сè мора да се одделат терористите волци самотници од терористите кои припаѓаат на терористичките организации. Психолошката загатка претставена од терористот волк самотник е дека поединецот презема ризици и се жртвува како слободен избор, а не е подложен на општествени притисоци. Осамениот волк не ја чувствува моќта на групната динамика и групните притисоци и нема институционална поддршка. Тогаш, загатката е зошто поединецот слободно би избрал насилство за некоја кауза, знаејќи дека изборот ќе биде скап во однос на личниот интерес. Во суштина, терористот волк самотник е една голема загатка која со текот на времето сè повеќе ќе се открива...

[41] Barack Hussein Obama II (2011). is an American former president of the United States from 2009 to 2017, достапно на: https://www.pbs.org/wgbh/frontline/article/lone-wolf-attacks-are-becoming-more-common-and-more-deadly/

## 3.1. Дефинирање на поимот терористи волци самотници

Како и општо за тероризмот така и за т.н. „волци самотници“ нема јасна и прецизна дефиниција, затоа различни дефиниции изобилуваат низ литературата. Самото тоа покажува дека авторите кои пробуваат да ги дефинираат не можат да ги одредат нивното делување, нивната намера, контактите и сл. Кои се тие? Кога и како делуваат? Од која причина делуваат? Може ли да им се влезе во траг? Зошто го ризикуваат животот за својата кауза? Сите овие прашања го привлекуваат вниманието на луѓето кои се занимаваат со безбедносните прашања, но и вниманието на медиумите. Пред сè, овој феномен е една гранка од тероризмот кој претставува брзорастечка „нова“ и „опасна“ закана со голем број недостатоци, а можеби во денешно време е еден од најмистериозните и непредвидливи облици на тероризам. Друг фактор за неможност за дефинирање е можеби затоа што терминот често се злоупотребува или се користи непрецизно. Еден елемент кој преовладува во сите дефиниции е дека субјектот кој извршува терористичко насилство (поединец) доминира во традицијата на истражувачите кои го дефинираат осамениот волк како *„личност која дејствува сама по себе без наредби или врски со одредена организација.“*[42]

Во есејот на Стратфор за глобално разузнавање, Скот Стјуарт и Фред Бартон ги нарекуваат терористите волци самотници „осамени актери кои не дејствуваат со други“ или според нив „осамениот волк е самостоен оперативец кој по својата природа е вграден во таргетираното општество и е способен за самоактивирање во секое време.“ Тие се гледаат себеси како претставуваат некоја поголема група или кауза и може да имаат одредено искуство во група, организација или социјално движење поврзани со оваа кауза. Според тоа, нивната мотивација е важен дел од тероризмот, а можеби и една од најважните причини кои би ги натерале до извршување ваков чин.[43]

---

[42] Burton, F, Stewart, S. (2008). “The ‘Lone Wolf’ Disconnect,” *STRAT FOR Global Intelligence,* достапно на: http://www. stratfor.com/weekly/lone wolf_ disconnect.
[43] S. Stewart and F. Burton (2009). Lone Wolf Lessons“, *Security Weekly*, достапно на: https://www.stratfor.com/weekly/20090603 lone wolf lessons

Различни научници, како што се Левит, Бајман и Вајман, тврдат дека терминот „осамен волк“ е погрешен назив бидејќи „волкот“ всушност не е „осамен“.[44] Според Џенкинс, се чини дека однесувањето на џихадистите повеќе наликува на однесувањето на кучињата скитници, кои може да се најдат сами или во глутници, отуѓени од општеството, но зависни од него, на улица, но немаат социјални вештини и претставуваат потенцијална опасност.[45]

Универзитетот „Џорџтаун“ во програмата за безбедносни студии обезбедува корисна дефиниција и рамка за разбирање на феноменот. Тој го дефинира тероризмот на осамениот волк како „намерно создавање и искористување на стравот преку насилство или закана со насилство извршено од еден актер кој се стреми кон политички промени поврзани со формулирана идеологија, без разлика дали е негова или на некоја поголема организација, и кој не добива наредби, насоки или материјална поддршка од надвор.“[46]

По Бартон и Стујарт, „осамениот волк или терористот волк самотник е самостоен оперативец кој по својата природа е вграден во таргетираното општество и е способен за самоактивирање во секое време.“[47]

Според ЦОТ (Instituut voor Veiliheids-en Crisimanagement (ЦОТ) – Институт за безбедност и менаџирање на кризи), водејќи се од дефиницијата на тероризам според ЕУ, актите на самоубијците терористи (мислејќи и на терористите волци самотници) се: „намерни акти кои се извршени со цел сериозно заплашување на популацијата, или прекумерно насилно принудување на Владата да изврши или да се воздржи од изведување некаков акт, или сериозно дестабилизирање или уништување на фундаменталните политички, конституционални, економски или

[44] See Matthew Levitt. (2016). “The Lone-Wolf Terrorist is a Misnomer”, mcall.com (The Morning Call, September 22, достапно на: https://www.mcall.com/opinion/mc-new-york-bombing-terrorist-0923-20160922-story.html. Gabriel Weimann. (2014).“V*irtual Packs of Lone Wolves: How the internet made ‘lone wolf’ terrorism a misnomer*”. Wilson Center, February 28, достапно на: https:// medium.com/its-a-medium-world/virtual-packs-of-lone-wolves-17b12f8c455a. Daniel L. Byman. (2017). “Can Lone Wolves Be Stopped?”, Brookings, March 15, достапно на: https://www.brookings.edu/blog/markaz/2017/03/15/can-lone-wolves-bestopped/.
[45] Jenkins, B. M., *Stray Dogs,* op. cit., p. 21.
[46] Connor & Flynn, supra note 23, at 9, 10.
[47] Stewart, Scott, Fred Burton, (2008), ‘*The Lone Wolf Disconnect’,* Stratfor, достапно на: http://www.stratfor.com/weekly/lone_wolf_disconnect

општествени структури на земјата или на интернационалната организација.“[48] Во овој случај такви акти се извршени од луѓе кои: работат индивидуално, кои не припаѓаат на ниедна терористичка група или мрежа, кои работат без директно влијание на лидерот на хиерархијата, чии тактики и методи се инспирирани и насочувани исклучиво од страна на индивидуалецот и се без каква било надворешна команда или насока.[49]

Пол Гил идентификува три категории на терорист волк самотник:

1. индивидуални терористи кои тренираат сами и ги избираат сопствените цели;

2. лица кои добиле обука од терористички организации и им биле дадени цели за напад; и

3. парови кои можеби се радикализираат едни со други, но кои не добиле надворешна насока.[50]

Пантучи создаде типологија, каде што сламистичките терористи волци самотници ги дели во една од четирите категории:

1. Осаменик – *Loner*,

2. Осамен волк – *Lone Wolf*,

3. Група на осамени волци – *Lone Wolf Pack* или

4. Осамен напаѓач – *Lone Attacker*; во зависност од степенот до кој тие работат автономно.[51]

Поврзувајќи се со третата категорија од поделбата на Пантучи, кај некои автори дојде до оспорување на поимот „осамен“, Кристофер Хјуит (ја дефинира

---

[48] European Union Council, (June 2002), “Council Framework Decision of 13 June 2002 on Combating Terrorism.

[49] Instituut voor Veiligheids-en Crisismanagement (COT), (June 2007) “*Lone Wolf Terrorism,* Citizens and governance in a knowledge-based society”

[50] Gill, P. (2015). *Lone- Actor Terrorism: A Behavioral Analysis*. New York: Routledge.

[51] Pantucci, R. (2011.) *A typology of Lone Wolves: Preliminary Analysis of Lone Islamist Terrorists*. International Centre for the Study of Radicalisation.

терористичката група како група што се состои од најмалку четири лица), според него, сè што е помалку од четири лица се смета за волк самотник.[52] И според дефиницијата на Мелиса Х. се спомнува мала ќелија без точен број лица терористи: „заканата или употребата на насилство од страна на еден сторител (или мала ќелија), не дејствувајќи од чисто лични материјални причини, со цел да се влијае на пошироката публика и кој дејствува без никаква директна поддршка во планирањето, подготовката и извршувањето на напад, и чија одлука да дејствува не е насочена од некоја група или други поединци (евентуално инспирирана од други)“.[53] Прашањето дали концептот на терорист волк самотник се однесува исклучиво на поединечни актери или исто така може да се користи за мали ќелии остана во текот на годините спорно прашање во академиците. Спаај[54], еден од првите научници кој систематски го истражува насилството на осамен актер, беше и е силен поборник за многу прецизна употреба на терминот „осамени актери“: и според него, таа дефиниција треба да биде ограничена на една индивидуа.

Доаѓаме до констатација дека секој терористички акт е извршен од поединец. Во сите дефиниции тероризмот претставува противправно дело, додека вториот заеднички елемент е предизвикување страв преку насилство или закана со насилство, елемент кој го содржат повеќето дефиниции додека *целта* е политичка, религиозна, индивидуална и сл.. Од сето ова можеме да дојдеме до некоја општа заедничка дефиниција: *„Предизвикување страв и несигурност со причинета човечка и материјална штета која претставува против правно дело, извршено од* ***едно лице*** *за остварување на посакуваната цел (политичка, религиозна, индивидуална и др.) истовремено привлекувајќи го јавното внимание.“*

Секоја дефиниција за поимот терорист волк самотник е точна, но не би требало да се задржиме само на една или две дефиниции. Справувањето со тероризмот особено со волкот самотник зависи од тоа како ќе го дефинираме

[52] Hewitt, C. (2003). *Understanding Terrorism in America: From the Klan to Al-Qaeda*. New York: Routledge.
[53] Melissa Hamilton. (2019). „*A threat assessment framework for lone-actor terrorists*“, USA, стр. 7;
[54] R. Spaaij. (2010). “The Enigma of Lone Wolf Terrorism: An Assessment,” *Studies in Conflict & Terrorism*, Vol. 33, No. 9 854-870.

поимот. Ако погрешно го дефинираме, ќе имаме и погрешна дефиниција за справување со терористот волк самотник. Успешноста во дефинирањето ќе се покаже во оној момент кога ќе видиме дека и справувањето е успешно. Доколку има пропусти, ќе има и напади. Доколку има напади, значи има проблем во дефинирањето. Но, доколку навреме се откријат планираните напади, ќе знаеме дека сето тоа не било залудно и дека сепак постои точна дефиниција и паралелно со тоа имаме соодветно справување и заштита.

## 3.2. Социо-психолошки карактеристики

Личностите-профил на волк самотник се  комплексни во однос на нивниот карактер бидејќи доаѓа до судир помеѓу самите карактеристики на личноста, пред да влезе во кругот на терористичките води и за време на извршувањето на терористички напади.

Поединци кои стануваат терористи често се млади лица, со ниско образование (иако тоа не мора секогаш да биде таков случај, бидејќи има и такви кои се доста успешни во училиштето со висок степен на интелигенција) и социјално отуѓени поединци кои го напуштиле општеството или имале тешко детство.[55] Но, не постои единствен, стандардизиран профил на осамен волк. Психолошките теории за потеклото на тероризмот обично се засноваат на ставот дека луѓето имаат вродени инстинкти кои ги туркаат на насилство. Според научниците, одвај 2 % од луѓето се способни со умисла да убијат. Терористите се во тие 2 % – со чувство на исклучителност, ориентирани да доминираат над останатите авторитарни личности кои покажуваат екстремна нетолеранција кон неистомислениците, двоумење и сомнежи кон нив. Дел од траекторијата на радикализација кон одобрување екстремистички дејства повлекува развој на начин на размислување во кој терористичките активности и убиствата на „невините“ се прифатливи, па дури и возвишени.[56] Секој терорист волк самотник е поттикнат од горчливата нестрпливост, секогаш проследен со цврсто верување за оправданоста на насилството.

Но, една многу битна психолошка состојба кај овие лица која и ги прави волци самотници е повлеченоста, намалена комуникација, немешањето со луѓе или одбиеноста која ја има од другите луѓе. Како резултат на тоа што се изолирани од поширокото општество, многу од нив развиваат некаква поврзаност со одредена идеологија која по одредено време, низ процесот на радикализација, станува нивна лична идеологија.

---

[55] Victoroff, Jeff. (2005). *The Mind of the Terrorist: A Review and Critique of Psychological Approaches*, Sage Publications, Inc.

[56] Arie W. Kruglanski et al., (2017). *To the Fringe and Back: Violent Extremism and the Psychology of Deviance*, 72 AM. PSYCHOL. 217, 222–23.

Истражувањата покажуваат дека околностите како што се социјалната изолација, перцепција на дискриминацијата (често страдаат терористите волци самотници од некоја форма на семејно насилство, злоупотреба, занемарување, малтретирање и отфрлање од врсниците), потрагата по идентитет или чувството на неправда во светот може да го поттикнат поединецот кон радикализација и извршување терористички напади.[57] Освен тоа, депресија, поплаки, лични кризи (на пример, губење работа, финансиски проблеми, стрес) итн.

Според некои автори, се работи за ментална болест. Менталната болест се однесува на широк спектар на нарушувања на менталното здравје кој влијае на расположението, размислувањето и однесувањето. Примери за ментална болест вклучуваат депресија, анксиозни нарушувања, шизофренија, нарушувања во исхраната и зависни однесувања.[58] Но, и истражувањата покажаа дека неколку терористи волци самотници страдале од психолошка/ментална болест која може да се дијагностицира.[59] Утврдено е дека стапките на психолошкото/менталното нарушување и социјалната неефективност се релативно високи кај овие терористи.

За време на подготвувањето и извршувањето на зацртаната цел се забележуваат спротивни карактеристики кај овие личности. Ваквите терористи се одликуваат со ладнокрвност, подготвеност (подготвеноста може да биде делумна или целосна, делумна – кога истиот сам се подготвува и се спрема во домашни услови, а целосна – претходна обука која ја имал во терористичките тренинг-кампови), смиреност, одмереност, иновативност, одлучност, решителност.

Затоа не можеме во целост да направиме генерализација на нивните личности и за многу од нив може да значи дека тие за прв пат се почувствувале вистински важни, првпат почувствувале дека на нив некој се потпира, што е вистина за психолошко здравите лица исто како и во другите сфери на животот.

---

[57] Stijn Sieckelinck et al. (2017). *Transitional Journeys Into and Out of Extremism: A Biographical Approach*, Studies in Conflict and Terrorism, 2, достапно на: https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/1057610X.2017.1407075.
[58] Mayo Clinic, (2015). USA.
[59] Seifert, K. (2015). *Lone-Wolf Terrorists and Mental Illness How Can We Reduce the Risk of Violent Acts Carried Out by Lone Wolf Terroris*t, достапно на: https://www.psychologytoday.com/us/blog/stop-the-cycle/201501/lone-wolfterrorists-and-mental-illness

### 3.3. Мотивација за терористот волк самотник

Иако насилството од волци самотници често се чини речиси спонтано, истражувачите го карактеризираат насоченото насилство на поединците како поттикнати од некое незадоволство или некоја неправда и планирани со текот на времето. Целта е да се одмазди за воочената неправда и да се постигне озлогласеност. Опсегот на мотивации кои влијаат на одлуката на волкот самотник да изврши напад е широк и разновиден. Социолозите и психолозите поминаа многу време проучувајќи ги мотивациите на терористите во нивните акции. Што се однесува на тероризмот на осамениот волк, мотивациските фактори се комбинација од лични несреќи и фрустрации, пошироки политички, социјални или религиозни цели и мешавина на различни идеологии комбинирани во една лична, сопствена идеологија. Дали самите терористи себеси се нарекуваат сепаратисти, анархисти, нихилисти, националисти, марксистички револуционери или религиозни верници (фанатици) зависи од некаков вид политичка, општествена или економска причина. Оваа констатација е логична и произлегува од основните, суштински цели на терористите – политички, општествени или економски.

Мотивациските фактори може да се видат низ призмата на две општествени состојби спомнати од Диркем[60] – алтруизам и егоизам. Тој смета дека поединците не се водени само од психопатологијата, туку и поширокото општество може да биде еден од нивните главни мотивациски фактори. Во некои случаи, егоистичните осамени волци се гледаат себеси над ограничувањата на заедницата или идеолошката организација.

Типологии од одредени истражувачи, мотивите на волците самотници ги класифицираат во три групи:

1. *идеолошки*,
2. *психопатолошки* и

[60] Durkheim, E. (1897) *Samoubojstvo,* во Cvjetičanin, Veljko: Supek, Rudi (2003.) Emile Durkheim i francuska sociološka škola. Zagreb: Naklada Ljevak.

3. *други лични околности.*

Секоја група мотивации може да вклучува неколку подгрупи. На пример, идеолошката група на мотиви може да вклучува, меѓу другото, посветеност на радикалните идеологии како што се националистичко-сепаратистички, комунистички, анархистички, фашистички или други политички мотиви. Во базата на податоци за тероризмот на поединецот, четирите најчести идеолошки мотивации се: десничарскиот екстремизам/бела надмоќ (17 %), исламизам (15 %), антиабортус (8 %) и национализам/сепаратизам (7 %). Во една третина од случаите нема идеологија која може да се идентификува.[61] Групата за лични мотивации може да вклучува економски мотиви, интерлични мотиви и фамилијарни мотиви или други лични мотиви. Групата за психолошки мотиви ја вклучува желбата на терористот да изврши самоубиство, што може да биде предизвикано од ментална нестабилност/растројство, сурово искуство, очај или верување во задгробен живот.

Според идејно-политичките основи, тероризмот може да се подели на идеолошки, националистички (етнички) и религиозен (свештено-политички).




*Сл. 1 Типологија на мотивите на волк самотник*

Идеолошкиот тероризам се дели на десноекстремистички и левоекстремистички. Некои истражувачи ја дефинираат оваа поделба и како

[61] Spaaji (2012) има составено база на податоци за сите терористички напади извршени од волци самотници помеѓу 1968 и 2010 година во 15-те земји опфатени во the European Commission Sixth Framework research project Transnational Terrorism, Security and the Rule of Law. Базата на податоци содржи 88 волци самотници кои извршиле вкупно најмалку 198 терористички напади (MacCauley & Moskalenko, 2011b, Spaaji, 2012).

социјален тероризам[62]. Ваквите терористи се мотивирани од спротивните ставови кои тие ги имаат, пример десноекстремистичките терористи кои доаѓаат до израз при доаѓање на власт од страна на либералистите или левите сили. Националистичкиот (етничкиот) тероризам е мотивиран од дејството или нарушувањето на правата и интересите на одделни нации и етноси. Ваквите терористи уште се нарекуваат и сепаратисти. И последната група која претставува мотивирачки фактор за појава на терористички чинови на терористичките организации или терористите волци самотници е религиозно-политичкиот (свештено-политички) тероризам. Појавата на ваквата група е несогласување со преовладувачките норми и ставови од религиозен карактер. Тука спаѓаат неколку групи како што се: муслиманско-сунитски, муслиманско-шиитски, националистичко-религиозни, сектански, христијански религиозно-политички, еврејски религиозно-политички.

Џефри Сајмон разликува пет мотивациски фактори кај волците самотници, од кои три може да се применат на терористички групи.

Првата категорија ги вклучува *секуларните терористи*, кои, како и секуларните терористички групи, вршат насилни напади од политички, етнички или сепаратистички причини.

Во втората категорија на мотивациски фактори спаѓаат терористите волци самотници кои вршат терористички напади во име на *религиозни причини*.

Во третата категорија на фактори спаѓаат типовите на волци самотници кои напаѓаат поради *специфично прашање* кое, според нив, претставува одреден проблем во општеството. Ова може да биде, на пример, прашањето за абортус.

Во четвртата категорија спаѓаат *ексцентричните поединци* кои дејствуваат во име на одредена кауза, но се водени од одредени психолошки и нарушувања на личноста.

---

[62] Авдеев Ју. (2000), *Типологија на тероризмот. - Современ тероризам: состојба и перспективи*, Москва, стр. 56.

Во последната, петта категорија на мотивациски фактори спаѓаат терористите кои се *мотивирани од финансиска добивка*, па Сајмон ги нарекува и криминални волци самотници.[63]

Користејќи ги студиите на случаи, Спај заклучил дека мотивацијата на волците самотници има тенденција да бидат комбинација од лични желби и политичка или верска идеологија, а, за разлика од нив, терористичките групи имаат тенденција да бидат само од идеолошки карактер.[64] Слично на Спај, и Пантучи го дели мислењето дека мотивациските фактори се комбинација од политички и лични мотиви. Исто тој објаснува дека тие создаваат свои идеологии и кои ги комбинира со лични фрустрации на политички, социјални или верски основи.[65]

Следејќи ги тезите на Спај и Пантучи за друг пример за мешање на мотивирачките фактори може да гиземеме американските џихадисти кои генерално биле мотивирани од мешавина на фактори, вклучувајќи ја и милитантната исламистичка идеологија; несакање на американската надворешна политика во муслиманскиот свет; потреба да се приврзат кон идеологија или организација што им дава чувство на цел; и „когнитивно отворање“ кон милитантниот ислам што честопати беше предизвикано од лично разочарување, како што е смртта на родител.[66]

---

[63] Simon, J. D. (2013) *Lone Wolf Terrorism: Understanding the Growing Threat.* Amherst, New York: Prometheus Books.

[64] Spaaij, R., (2010). *The Enigma of Lone Wolf Terrorism: An Assessment.*

[65] Pantucci, R., (2011). What Have We Learned About Lone Wolves from Anders Behring Breivik? *Perspectives on Terrorism* 5(5-6):27-42.

[66] Why It's So Hard to Track a 'Lone Wolf'. (2016), достапно на: https://www.spiegel.de/international/world/the-danger-of-lone-wolf-terrorists-like-omar-mateen-a-1098263.html

### 3.3.1. Мотивација за напади реализирани од волци самотници

Исламофобијата, расизмот и белиот национализам се веќе одамна присутни во парламентите на западните демократии – САД, Австралија и Европа. Во таа смисла е студијата за 119 терористи (волци самотници), објавена во февруари од Меѓународниот центар за терористички студии на Државниот универзитет на Пенсилванија. Според студијата, големо мнозинство терористи поединци, чие однесување е истражувано во неа, „редовно се движело во препознатлив и видлив спектар што вклучува однесување и активности на поширока интересна група, општествено движење или терористичка организација.“[67]

Студијата доаѓа до драматичен заклучок. Кај околу две третини од испитуваните случаи, членови на семејството, пријатели или познајници, се потврдува дека знаеле за одредена екстремистичка идеологија следена од извршителите. Во 64 случаи, семејството и пријателите знаеле за намерата на поединецот да учествува во некој терористички акт, зашто тоа и усно им го кажал.[68]

Волците самотници не се гледаат себеси како осамени волци, туку токму спротивното според нив е точно. Волците самотници често се сметаат себеси за дел од херојската авангарда која се обидува да заштити поголема група луѓе. Важно е да се разбере дека осамениот волк е етикета прикачена на поединец од екстерни сили, а не од самиот актер. Може да се тврди дека тоа само по себе не ги прави гореспоменатите критериуми неважечки, бидејќи објективно индивидуата дејствувала сама, без оглед на тоа дали тој или таа верува дека припаѓа на една организација или презема дејства во име на група или не презема. Норвешкиот терорист Андерс Брејвик и Unabomber Тед Качињски, кој убил три лица и повредил дваесет и три лица во текот на седумнаесет години, често се користат како типични примери за закана со еден актер. И двајцата беа поединци кои се

[67]International Center for Terrorism Studies. (2013).

[68] Ibid.

покажаа способни за планирање и извршување смртоносни терористички напади.[69]

Импликациите од овие наоди за спречување и нарушување на екстремизмот поставен од единствен актер може да се илустрираат со тоа што ќе се проучуваат радикализацијата на еден актер и однесувањето пред нападот. Во овој труд, радикализацијата на еден актер се изучува од релациска перспектива. Ова ни овозможи да ги идентификуваме различните степени и видовите „осаменост“ во однос на радикалните милјеа и групите во поставките за онлајн и офлајн. Нивната осаменост, во неколку случаи, е засилена со претерана смисла за самобитноста, комбинирана со презир за ефикасноста и посветеноста на причината за потенцијалните козаговорници. Некои се едноставно сами, како резултат на значајни промени во нивната социјална средина.[70]

Слично на тоа, лондонскиот бомбардер Дејвид Коупленд, кој започна со соло бомбардирање во 1999 година, во кој загинаа три лица, а 140 беа повредени, можеби се обиде да формира неонацистичка терористичка ќелија пред да одлучи да нападне сам.[71]

На пример, Мохамед Буери, кој го уби контроверзниот холандски режисер Тео ван Гог во 2004 година, бил централна фигура во џихадистичката Hofstadgroup.[72]

За повеќето поединци, повредите или убивањето други лица бараат надминување на внатрешните морални бариери за употреба на сила. [73]

Изложеноста на екстремистички идеологии и авторитетни фигури може да игра клучна улога во овој процес и истражувањата покажале дека 78 проценти од

[69] Hemmingby, C, Bjørgo, T. (2016). *The Dynamics of a Terrorist Targeting Process: Anders B. Breivik and the 22 July Attacks in Norway*. London/New York: Palgrave Macmillan.
[70] Malthaner, S. et al. (2017). "*D5.4 Lone Actor Radicalisation Subscript*", FP7 PRIME Project.
[71] McLagan, G, Lowles, N. (2000*). Mr. Evil: The Secret Life of Racist Bomber and Killer David Copeland.* London: John Blake Publishing.
[72] Schuurman, B, et al. (2015). "The Hofstadgroup Revisited: Questioningits Status as a 'Quintessential' Homegrown Jihadist Network,". *Terrorism and Political Violence* 27(5).
[73] Bandura, A. (1990). "Mechanisms of Moral Disengagement in Terrorism," in Walter Reich, ed., *Origins of Terrorism: Psychologies, Ideologies, Theologies, States of Mind*. Cambridge: Cambridge University Press.

осамените актери биле изложени на надворешни извори на охрабрување или оправдување за употреба на насилство.[74]

Поголемиот дел од терористичките напади на Запад не се изведуваат од добро организирани меѓународни групи. Наместо тоа, терористичката закана за Запад во голема мера доаѓа од волците самотници кои се поединци или од мал број лица кои извршуваат напад за поддршка на група, движење или идеологија без материјална помош или наредби од таква група.[75] Овие видови напади сочинуваат 70 проценти од сите смртни случаи на Запад од 2006 до 2014 година.

Ова несовпаѓање нагласува дека терористот волк самотник опфаќа широк спектар на актери со различни мотиви и цели. Она што покажуваат податоците е дека некои земји имаат многу повисоки нивоа на терор од волци самотници од другите. Податоците, исто така, покажуваат дека нападите на терористи волци самотници во западните земји не се ексклузивно инспирирани од повикот за меѓународен џихад од страна на ал-Каеда и ИСИС.[76]

Од 2006 до 2019 година, петте најголеми напади на волци самотници на Запад се случиле во четири различни земји. Најголемата категорија напади реализирани од волци самотници на Запад биле политички напади – 37 напади во кои имаше 110 загинати и 135 повредени.

Првиот пример е масакрот во Соединетите Американски Држави, кога еден војник уби 13 лица во воена база во Тексас во 2009 година. Холандија, исто така, имаше акт на тероризам од еден напаѓач во 2009 година, кога поединец со својот автомобил се втурнал во толпа за да се обиде да го оштети автобусот во кој било холандското кралско семејство, убивајќи седум лица, а повредени биле 12 лица.

Најголемиот политички терористички напад од волк самотник се случи во Норвешка[77] во 2011 година кога екстремно десничарскиот терорист Андерс

---

[74] Schuurman, B, et al. (2017). "Lone Actor Terrorist Attack Planning and Propaganda: A Data Driven Analysis.", *Journal of Forensic Sciences*, достапно на: 10.1111/1556-4029.13676.
[75] Simon, J. D. (2013*). 'Lone Wolf Terrorism: Understanding the Growing Threat'*. Prometheus Books.
[76] Spaaij, R. (2012). *Understanding Lone Wolf Terrorism: Global Patterns, Motivations and Prevention*. New York: Springer.
[77] Borchgrevink, A. (2012). *A Norwegian Tragedy: Anders Behring Breivik and the Massacre on Utoya*. Cambridge: Polity Press.

Брејвик спроведе два напади во еден ден убивајќи 77 луѓе, вклучувајќи и деца кои присуствуваа на младински камп воден од политичка партија.[78]

Вториот најголем напад на волк самотник во САД се случи во Орландо, Флорида, на 12 јуни 2016 година, кога дваесет и деветгодишниот Омар Матејн упадна во ноќен геј-клуб, користејќи пушка и пиштол, и го извршил најсмртоносниот терористички напад од 11 септември 2001 година, при што загинаа 49 лица и повреди уште 53 лица. Пред да биде убиен во полициска престрелка, Матејн им викнал на своите жртви: „Време е да се стави крај на бомбардирањето во Сирија", а потоа ја повикал 911 да ја прогласи верноста кон Исламската држава.[79]

Последната терористичка акција е извршена од Австралиецот Брентон Х. Тарант, кој е обвинет за извршување на масакрот во џамиите „Ал Нуор" и „Линвуд" – напад делумно емитуван во живо на „Фејсбук". Тарант се соочува со 51 обвинение за убиство и 39 обвиненија за обид за убиство.[80]

Екстремистичките политички гледишта, исто така, беа распространети и за нападите во САД од волци самотници мотивирани од желбата да се дојде до политичка револуција, анархизам и антивладини чувства, опозиција на противниците на хомосексуалните бракови и противење на поборниците на абортусот.

Други значајни терористички напади на волци самотници извршени на Запад:

- ✓ во 2012 година, во Брисел имам на шиитска џамија беше убиен од бомба поставена од волк самотник;
- ✓ во мај 2014 година, во Брисел четири лица беа убиени во престрелка во Еврејскиот музеј од поранешен член на ИСИС;

---

[78] Global Terrorism Index. (2015). *Measuring and understanding the impact of terrorism*. Institute of Economisc and Peace, Sydney.

[79] Alvarez, L., Perez-Pena, R. (2016). “Praising ISIS, Gunman Attacks Gay Night club, Leaving 50 Dead in Worst Shooting on U.S. Soil,” *New York Times*, June 13, достапно на: https://www.nytimes.com/2016/06/13/us/orlando-nightclub-shooting.html.

[80] Graham-McLay, C. (2019). Death Toll in New Zealand Mosque Shootings Rises to 51. *The New York Times,* May 2, достапно на:https://www.nytimes.com/2019/05/02/world/asia/new-zealand-attack-death-toll.html.

- ✓ на 7 јануари 2016 година, во Париз човек со лажен експлозивен појас нападна полициски безбедносни сили;
- ✓ во јуни 2016 година, во Париз волк самотник ги уби полицискиот командант и неговиот партнер пред нивниот дом;[81]
- ✓ на 14 јули 2016 година, во Ница терорист волк самотник со товарен камион влета во толпата што го прославуваше Денот на Бастилја, при што загинаа 85 лица.[82]

---

[81] Joscelyn, T. (2016). Terror Plots in Germany, France Were 'remote-Controlled' by Islamic State Operatives. *FDD's Long War Journal,* достапно на: http://www.longwarjournal.org/archives/2016/09/terror-plots-in-germany-france-were-remote-controlled-by-islamic-state-operatives.php.
[82] Global Terrorism Index. (2016). *Measuring and understanding the impact of terrorism.* Institute of Economisc and Peace, Sydney.

Табела 1. Мотивација за напади реализирани од волци самотници (Глобален терористички индекс, 2015)

| КАТЕГОРИЈА | СУПКАТЕГОРИЈА | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| Расни и религиозни супремацисти | Антиисламизам | Цел избрана поради нивната поврзаност со исламот. Ова вклучува напади врз џамии и напади од одмазда. |
| | Антисемитизам | Мотивирани од предрасуда против Евреите. |
| | Бела супремација/ надмоќ | Мотивирани од расистички поглед на светот и може да вклучуваат идентификација со ставовите на нацистите и ККК (Кју Клукс клан). |
| Индивидуални прашања | Индивидуални прашања | Нападот се должи на прашања специфични за поединецот. Ова може да вклучува желба да се привлече внимание, одредена догма или дејства поврзани со одредени заблуди што произлегуваат од влијание на дрога или ментална болест. |
| | Инспирирани од Ал-Каеда | Под влијание на ал-Каеда, но и преземање напад без вклученост на ал-Каеда за понатамошно ширење на идеологијата. |
| Исламски фундаментализам | Инспирирани од ИСИС | Под влијание на ИСИС и преземање напад без вмешаност на ИСИС за да се прошири идеологијата на групата. |
| | Џихадизам | Инспириран од исламскиот фундаментализам за да се вклучи во насилство. Напаѓачот може да биде инспириран од одредена исламистичка група, но повеќе се фокусира на насилниот џихадизам. |
| | Антиамериканизам | Напад преземен за да се изрази противење на специфични надворешни политики или други активности од страна на САД и нејзините сојузници. |
| Политички | Контравладини | Антиавторитарни мотиви за нивниот напад, вклучувајќи и отпор спрема полицијата, даночната служба, поштата или други инструменти на власта. Анархистите се вклучени во оваа категорија. |

| | | |
|---|---|---|
| | Националистички | Напаѓач инспириран од национализмот – ги вклучува и сепаратистите. |
| | Политички екстремизам | Акција преземена за да се промовира одредена политичка гледна точка. Ова може да вклучува ставови за имиграција, абортус, ЛГБТ-права или кој било друг поглед – екстремистички по дефиниција поради насилството кое е вклучено. |

## 3.4 Влијанието на пропагандата

Високиот степен на модернизација неминовно предизвикува еден комплекс на меѓусебно поврзани фактори кои претставуваат значајна појдовна причина за појава на тероризмот. Сепак, како што тврди Фелдман[83], интернет-мрежите за радикализација вршат големо влијание врз осамените волци. Тој тврди дека мрежите за радикализација активно или пасивно влијаат врз поединецот да развие екстремни мисли. Тие, исто така, можат пасивно да поттикнуваат употреба на насилство, инспирирајќи ги другите преку постапките и изјавите на нивните членови. Така, иако поединецот се изолира себеси физички, многу ретко се случува да не е пасивно под влијание на другите. Интернетот стана важна социјална арена за екстремистите, меѓу нив и волците самотници.[84][85][86][87] Во оваа социјална арена, истомислениците може да се најдат еден со друг во виртуелни заедници до кои не би имале пристап во физичкиот свет. Преку интернетот лицата стануваат симпатизери на одредени терористички групи или поради одредена неспособност или неможност да дојдат до тие групи, истите се гледаат како дел од ваквите терористички групи. Интернетот и социјалните мрежи, освен што им овозможуваат на денешните терористи досега невидено вмрежување и ширење, им овозможува дури и пренос во живо на нивниот чин на „Фејсбук“, како што беше случајот во 2019 година во Нов Зеланд, нападот во Бафало во мај 2022 година итн. Освен тоа, терористите волци самотници добро владеат со новата технологија и интернетот. Тој им овозможува стекнување техничко знаење за извршување терористички акти преку онлајн прирачници, видеа, информативни текстови, закони и др. Преку интернетот ваквите самоуки терористи изработуваат

---

[83] Steiner, K. & Önnerfors, A. (eds.) (2018). *Expressions or Radicalization*. Cham: Palgrave Macmillan.

[84] Berger, J.M. (2015). The Metronome of Apocalyptic Time: Social Media as Carrier Wave for Millenarian Contagion. *Perspectives on Terrorism*. 9 (4): pp. 61-71.

[85] Koehler, D. (2015) The Radical Online: Individual Radicalization Processes and the Role of the Internet. *Journal for Deradicalization.* Winter 1: p. 116-134.

[86] Sageman, M. (2008). *Leaderless Jihad – Terror Networks in the Twenty-First Century*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

[87] Spaaij, R. (2012). *Understanding Lone Wolf Terrorism – Global Patterns, Motivations and Prevention*. Dordrecht, Heidelberg, London, New York: Springer.

и оружја и експлозиви кои подоцна ги користат во извршување на терористичките напади.

Според дефиницијата на Пантучи, терористите волци самотници како „индивидуи кои, иако се чини дека ги извршуваат своите дејства сами и без никакво физичко надворешно поттикнување, всушност демонстрираат одредено ниво на контакт со оперативните екстремисти.“ Што е најважно, ова вклучува контакт со или организирани екстремисти преку интернет. Пантучи заклучува: „тие можеби се проблематични поединци кои бараат утеха во екстремистичката идеологија – идеологија која иако во најголем дел остануваат самоуки, исто така се чини дека е засилена преку онлајн контакт со екстремистите.“ [88] Слично е размислувањето и на Џарет Брахман за „џихобист“ – поединец кој се собира со другите во онлајн виртуелните простории за разговор за да сподели одредени датотеки и да разговара за нивната поддршка за екстремистите од реалниот свет, вклучително и членовите на ал-Каеда и нејзините филијали.[89] Слично на тоа, Марк Сејџман ја опиша терористичката закана во смисла на „џихад без водачи“, при што Интернетот ѝ овозможи на новата генерација терористички љубители, или само „еден куп момци“ - пријатели, цимери или соученици - да го поминат процесот на радикализација заедно.[90]

Современиот тероризам е медиумски тероризам. Медиумите се привлечени од екстремни терористички акти не само затоа што нивната должност е да известуваат за кој било голем настан, туку и затоа што драматичниот и спектакуларен аспект на тероризмот ја фасцинира пошироката јавност. Денешните терористи го искористуваат ова и дејствуваат на начин кој ќе привлече максимално внимание во светот. Тероризмот не е нов феномен, но постојаното присуство на акти на тероризам врз медиумите во секојдневниот живот и нивниот глобален досег ја зголемија потребата за преиспитување на улогата на медиумите во контекст на тероризмот.

---

[88] Rafaello Pantucci, (2011). *A Typology of Lone Wolves: Preliminary Analy sis of Lone Islamist Terrorists* London: International Centre for the Study of Radicalization and Po liti cal Vio lence.
[89] Jarret Brachman, (2008). *Global Jihadism: Theory and Practice* (New York: Routledge)
[90] Marc Sageman, (2008). *Leaderless Jihad,* Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Најтешкиот, брутален и шокантен терористички напад во модерната историја, уништувањето на кулите близначки на Светскиот трговски центар во Њујорк од страна на киднапирани цивилни авиони на 11 септември 2001 година, беа пренесени во живо на телевизија и со тоа добија нова димензија преку самото влијание на медиумите врз општеството. Бруталното обезглавување на ирачкиот заложник Ник Берг исто така беше достапно преку интернет во домовите низ целиот свет. Терористите станаа „медиумски компетентни“ знаејќи и применувајќи ги принципите за привлекување медиумско внимание во повеќето од нивните активности. Не само што сега ја поседуваат потребната техничка опрема, како што се видеокамери и интернет-објекти, тие исто така обично знаат како да темпираат и да ги креираат оние слики што можат да гарантираат максимално влијание преку медиумите.

Терорист волк самотник е вообичаено некој што дејствува од силно идеолошко или верско уверување, кој внимателно ги планира своите постапки и успешно ги крие своите намери од другите.

Полицискиот комесар Бил Братон им изјавил на новинарите дека, во споредба со нападите на ал-Каеда, „ИСИС ќе биде многу повеќе инспирација на терористите волци самотници“. Тие се многу софистицирани во однос на своите способности преку своите видеа, социјални медиуми, списанија.“[91]

Првиот напад на волк самотник во Америка, кој беше инспириран од Исламската држава, се случи на 26 септември 2014 година, кога триесетгодишниот Алтон Нолен го уби својот соработник во фабрика за преработка на храна во Оклахома. Тој претходно во затвор ја сменил својата вера, чии дигитални отпечатоци вклучуваат пропаганда на ИСИС.[92]

Експлицитниот повик на ИСИС за поддржувачите од западните земји да извршат терористички напади од типот на волк самотник во нивните матични земји стана суштински дел од пропагандата на групата во текот на следните две години.

---

[91] NYPD. (2014). Threat to U.S. ‘Growing Exponentially with ISIS.’ *CBS News*, September 11, достапно на: https://www.cbsnews.com/news/terror-threat-to-us-growing-exponentially-with-isis-nypd-says/.
[92] Schuurman, B, et al. (2017). “Lone Actor Terrorist Attack Planning and Propaganda: A Data Driven Analysis.”, *Journal of Forensic Sciences*, достапно на: 10.1111/1556-4029.13676.

Истражувачите велат дека терористичкиот напад врз двете џамии во Нов Зеланд бил извршен од еден сторител. Но, повикувајќи се на него како на волк самотник, се затскрива екстремно десничарски терор.[93]

Како прототип на волк самотник важи норвешкиот терорист Андрес Брејвик, кој на 22 јули 2011 година уби 77 луѓе.[94] „Европа сè повеќе се навикнува на напади на терористи екстремисти, но делото на Брејвик од него направи најсмртоносен од сите т.н. волци самотници во историјата на континентот.“[95] „Замислата дека терористите оперираат сами ни дозволува апстрахирање на врската помеѓу насилниот чин и идеолошката заднина.“[96] Теоријата на волци самотници ја јакне посакуваната човечка перцепција „дека одговорноста за насилен екстремизам на поединци ја поднесува исклучиво поединецот.“

Терористите на модерната доба не сакаат во секој случај да припаѓаат на една терористичка група со јасен наслов како што се ал-Каеда или Исламска држава или т.н. НСУ (Националсоцијалистичко подземје). Сепак, нивната радикализација се случува во општествената клима во која живеат. Интернетот и социјалните мрежи им овозможуваат на денешните терористи досега невидено вмрежување и ширење, дури и пренос во живо на нивниот чин на „Фејсбук“, како што беше последниот случај во 2019 година во Нов Зеланд.

Многу експерти се согласуваат дека терористите се производ на своето време. Во претходните години се етаблираше општествен тренд како што е, на пример, пораст на интолеранција расплламтена од политиката со растечки знаци на популизам. Токму тој копнеж по едноставни одговори поларизира – неистомислениците се странци и непријатели. Етаблирањето на екстремизмот во општеството се зајакнува и со дигитализацијата на човечкиот живот. Реалните врски се заменуваат со виртуелни, но и виртуелните контакти имаат реални последици. Давид Сонболи, кој на 22 јули 2016 година во трговски центар во

---

[93] Petersmann, S. (2019). Christchurch: the myth of the lone wolf attacker, DW, достапно на: https://www.dw.com/en/christchurch-the-myth-of-the-lone-wolf-attacker/a-47970011.
[94] Berntzen, L. E, Sandberg, S. (2014). “The Collective Nature of Lone Wolf Terrorism: Anders Behring Breivik and the Anti-Islamic Social Movement.” *Terrorism and Political Violence*. Vol 26 (5).
[95] Seierstad, A. (2016). “Is Norwegian mass murderes Anders Breivik still a threat to Europe?” *Newsweek,* достапно на: https://www.newsweek.com/anders-breivik-neo-nazi-suing-norway-asne-seierstad-447247.
[96] Burke, J. (2017). The myth of the ‘lone wolf’ terrorist. *The Guardian,* достапно на. https://www.theguardian.com/news/2017/mar/30/myth-lone-wolf-terrorist.

Минхен уби девет луѓе, интензивно се движел во виртуелниот свет на мрежата на ксенофоби. Сонболи свесно за датум на нападот ја избрал петгодишнината од терористичкиот напад на Андерс Брејвик, напад кој во виртуелниот свет доби пофалби од истомислениците.[97] Дури и џихадистичките атентатори, кои во Европа извршија напади како поединци можни членови на Исламската држава, пред атентатите имале непосредни контакти со членови на ИСИС во Сирија и во Ирак.

Австралиецот Терант е автор на манифестот од 74 страници, кој изречно се повикува на Андерс Брејвик и на Американецот Дилан Руф кој уби деветмина Афроамериканци во црква во Чарлстон. Докажани се контактите на Брејвик и Тернат со други десничарски екстремисти во земјата и во странство. На својот профил на „Фејсбук“, кој во меѓувреме го избришал, Терант ги споделувал десничарските идеи и написи за десничарски екстремизам, меѓу кои и најмалку еден текст за десничарски екстремизам меѓу војниците на Бундесверот, кои очигледно за него се браќа според дух.

Брејвик и Терант се гледаат себеси како модерни крстоносци во борба за зачувување на чистата и, веројатно, загрозена бела европска раса. Тие двајцата гледаат во муслиманите наводни „освојувачи“ кои стремат кон инвазија на светот.[98]

Концептите членство во групи и дејствување самостојно сè потешко може да се применат во свет каде што терористичките организации сè повеќе се организираат преку социјалните медиуми. Ова докажува дека општествените врски играат клучна улога во текот на процесот што води од идеолошка радикализација до планирање и подготовка на терористичките напади.[99]

---

[97] Petersmann, S. (2019). Christchurch: the myth of the lone wolf attacker, DW, достапно на: https://www.dw.com/en/christchurch-the-myth-of-the-lone-wolf-attacker/a-47970011.
[98] Ptersmann, S. (2019). Christchurch: the myth of the lone wolf attacker, DW, достапно на: https://www.dw.com/en/christchurch-the-myth-of-the-lone-wolf-attacker/a-47970011.
[99] Schuurman, B, et al. (2017). “Lone Actor Terrorist Attack Planning and Propaganda: A Data Driven Analysis.”, *Journal of Forensic Sciences*, достапно на: 10.1111/1556-4029.13676.

## 4. Насилна радикализација

Поединците вклучени во терористички активности се под влијание на различни комбинации на мотивациски фактори и се подложени на различни процеси на насилна радикализација. Радикализацијата треба да се гледа како комплексен и динамичен збир на околности и механизми кои ја обликуваат каузалната приказна на актерот и која е единствена за секој поединец.[100] Процесот на радикализација може да се толкува како процес кој започнува многу рано во животот. Некои терористи волци самотници се радикализирани во терористичката организација која подоцна ја напуштиле. Други, веројатно мнозинството, се саморадикализираат преку медиумите или неформалните контакти со радикалните мислители. Сепак, имајќи ја предвид социјално-когнитивната перспектива, некои луѓе може да бидат поподложни на радикални влијанија од другите. Веројатно, постојат одредени искуства и околности кои прават некои луѓе полесно да се радикализираат од другите.

Поимот радикализам означува политички начела кои се фокусираат на менување на социјалните структури преку револуција и менување на вредносните системи на основни начини. Тоа се однесува на процесот во кој едно лице сè повеќе се залага и поддржува екстремистички идеи. Радикализацијата е процес на идеолошка и/или бихевиорална промена во пораст која води кон залагање за поекстремни и потенцијално насилни светогледи и дејства. Во некои случаи, терминот се користи на начин на кој се сугерира имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Ова е проблематично, не само од причина што не сите што имаат радикални (или екстремистички) идеи нема да се впуштат или поддржат насилно дејство, туку и поради фактот што тие имаат право да имаат сопствени идеи – без оглед на нивната природа, а тоа е заштитено во меѓународното право како основно човеково право.[101] Шмид ја дефинира радикализацијата како „индивидуален или колективен процес во кој, обично во

---

[100] Taylor, Maxwell. (1988). *The Terrorist.* London, Brassey's.
[101] OSCE. (2019). U*nderstanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights*. A Guidebook for South-Eastern Europe, Transnational Threats Department: Vienna, Austria, достапно на: https://www.osce.org/resources/publications.

ситуација на политичка поларизација, политичките актери или групи со различни интереси, наместо вообичаената практика на дијалог, компромис и толеранција, се одлучуваат за конфронтирачка тактика.“ [102] Спаај ја дефинира насилната радикализација како „процес на усвојување или промовирање систем на екстремистичко верување што го оправдува идеолошки заснованото насилство со цел да поттикне политички, верски или општествени промени.“ [103] Меколи и Москаленко ја сметаат радикализацијата за психолошка траекторија што може да се случи на која било личност, група или нација. [104] Сепак, една од најраспространетите дефиниции е онаа на Европска комисија според која радикализацијата е процес во кој индивидуално или во група се прифаќа радикална идеологија која одобрува или применува сила, вклучувајќи и тероризам, за да постигне одредени идеолошки или политички цели.[105]

Некои пак аналитичари прават разлика помеѓу насилна радикализација која за остварување на своите цели користи сила и насилство и ненасилна радикализација која се стреми целите и идеалите да ги остварува без употреба на насилство. Но, во овој случај терористите волци самотници исклучиво ја користат насилната радикализација, каде што не постои терорист волк самотник со ненасилна радикализација, во тој случај не станува за збор за ваква личност и нема да го користи овој назив.

---

[102] Schmid, Alex P. (2013). *Radicalisation, De-Radicalisation, Counter-Radicalisation: A Conceptual Discussion and Literature Review*. ICCT Research Paper, достапно на: https://icct. nl/wp-content/uploads/2013/03/ICCT-Schmid-Radicalisation-De-Radicalisation- Counter-Radicalisation-March-2013_2.pdf

[103] Spaaij, Ramón. (2012). *Understanding Lone Wolf Terrorism: Global Patterns, Motivations and Prevention*. Springer.

[104] McCauley, C., Moskalenko, S. (2011) *Friction: How radicalization happens to them and us*. Oxford University Press.

[105] Достапно на: https://ec.europa.eu/home-affairs/ what-we-do/ policies/ counter-terrorism /radicalisation_en




*Сл. 2 Процес на терорист самотник*

### 4.1 Фази на радикализација на терорист волк самотник

Преку радикализацијата едно лице доаѓа да ги поддржи тероризмот и екстремистичките идеологии. Идентификувањето на местото на радикализацијата е важно бидејќи го привлекува вниманието на социјалната институција или средствата со кои поединецот се радикализира во насилен екстремизам.

Најчестото место на радикализација во ерата пред пред 11 септември беше екстремистичките групи на која можеби волците самотници ѝ припаѓаа, но оттогаш ги напуштаа. За терористите волци самотници од периодот по 11 септември, традиционалните места на радикализација се заменети со неформални онлајн социјални мрежи, цивилните работни места и масовни медиуми

Радикализацијата е цел процес прикажан на Сликата бр. 1[106]. Овој процес ќе повлече постепено усвојување екстремистички идеи и ќе заврши, доколку се заврши, во практиката на насилен екстремизам или тероризам. Радикализацијата најдобро се гледа како процес на промена, лична и политичка трансформација од една состојба во друга. Да се стане радикализиран е постепен процес кој бара прогресија низ различни состојби и не се случува ниту брзо ниту лесно. Така, едно лице не станува радикално преку ноќ иако влијанието на „катализаторниот настан“ може да го забрза процесот. Настанот на катализаторот е опишан од

[106] Schmid, A. P. (2013). *Radicalization, De-Radicalization, Counter-Radicalization: A Conceptual Discussion and Literature Review*. ICCT Research Paper.

Quintan Wiktorowicz [107] како „когнитивно отворање“, што го прави лицето поприемливо за можноста за нови идеи и погледи на светот. Овој шокантен настан или лична криза ја разнишува сигурноста на поединецот во претходно одржаните верувања, го поттикнува да го преоцени целиот свој живот и да стане отворен за радикална промена на вредностите и однесувањето. Во поново време, постојат докази дека криминалците кои се приклучиле на џихадистичките организации како ИСИС и ал-Каеда сфатиле дека нивното криминално однесување било штетно и дека треба да прекинат со своето минато и да ги надоместат своите „гревови“, при што ова е „точка од која нема враќање“. Настанот катализатор може да има повеќе форми:

- економски (губење работа, блокирана општествена мобилност);
- општествени (отуѓување, дискриминација, расизам);
- политички (меѓународни конфликти) и
- лична (смрт на близок).

Дополнително, постои долга листа на предизвикувачи (вистински или согледани) кои можат да го иницираат прогресивното движење кон насилен екстремизам.

[107] Wiktorowicz, Q. (2004). “*Joining the Cause: Al-Muhajiroun and Radical Islam”, The Roots of Radical Islam,* Department of International Studies, Rhodes College.
Wiktorowicz, Q. (2005). *Radical Islam Rising: Muslim Extremism in the West*. London: Rowman & Littlefield.




*Сл. 3 Модел на радикализација на терорист волк самотник*
*(Хам и Спаај)*

Радикализацијата на терорист волк самотник како процес се одвива во неколку фази.

1) Првата фаза во овој модел на радикализација се однесува на чувството на лично и политичко незадоволство, обично предизвикано од искуство преку кое директно или индиректно им била нанесена некаква реална или замислена неправда.

2) Следната фаза за осамените волци се случува кога ќе почнат да развиваат сложена комбинација на лични и политички фактори кои ги мотивираат за понатамошна радикализација и потоа тие практично стануваат поблиски до

онлајн симпатизерите и наоѓаат мотиви во различни екстремистички идеологии.

3) Третата фаза се јавува кога друго лице или група му овозможува на волкот самотник да дејствува. Хам и Спаај ги нарекуваат овие лица или групи „овозможувачи“. Тоа се луѓето кои несвесно им помагаат да дејствуваат и планираат напади или индиректно ги поттикнуваат да извршат тероризам со нивниот пример и служат како инспирација за акција. Ова може да биде, на пример, некои историски личности или може да се случи во форма на т.н. стохастички тероризам. Стохастичкиот тероризам е дефиниран како „употреба на масовни медиуми со цел да се поттикнат идеолошки мотивирани акти на насилство кои се статистички предвидливи, но индивидуално непредвидливи.“ [108] Со други зборови, овозможувачот(ите) испраќа(ат) емотивно наполнети пораки преку масовните медиуми кои се достапни за голем број луѓе, но доволно е да се мотивира само една личност да дејствува.

4) Четвртата фаза се одвива кога волците самотници сакаат да ги објават своите намери. Иако најчесто се физички изолирани од општеството, во исто време комуницираат со другите, најчесто онлајн, преку разни изјави, закани, писма, видеа, преноси во живо и манифести. Тоа најчесто се случува преку интернет и медиумите. При ваквите најави сакаат на пошироката јавност да и покажат дека се борат во име на правдата и „малите“ луѓе и на овој начин се обидуваат да стекнат слава. Се разбира, тоа не значи дека волкот самотник секогаш јавно ќе ги објавува своите намери.

5) Претпоследната фаза, која се случува пред самиот терористички чин, е кога одреден настан станува повод за напад од терорист волк самотник. Ваквите настани може да бидат од лична или политичка природа или комбинација од двете. Може да се случат одеднаш или да бидат резултат на низа различни ескалации во одреден временски период, додека лицето не потклекне под психолошки притисок и не го заврши процесот со терористички напад.

[108] Hamm, M., Spaaij, R. (2017). *The Age of Lone Wolf Terrorism*. New York: Columbia University Press.

## 4.2. Скалила на радикализација

Психологот Фатали Могадам го објаснува процесот на радикализација користејќи скалила на метафора. „Скалите до тероризмот“ на Могадам го опишуваат процесот на радикализација почнувајќи од приземје и завршувајќи со петти кат. [109] Секој од овие катови опишуваат различна прогресија кон радикализација во смисла на психологијата и активностите. Како и моделите на другите научници, скалите на Могадам започнуваат со поплака или воочена неправда и обид на поединецот да ја разбере оваа наводна неправедност. Иако скалите завршуваат со извршување терористички акт. Моделот на




*Сл.4 Скалила до тероризам*[110]

Могадам е корисен за разбирање на уште еден предизвик за теоријата за радикализација - дека не сите екстремисти се насилни. Скалите не бараат поединец да се качува на секој кат, туку го објаснуваат процесот на ескалација на екстремизмот.

---

[109] Fathali M. Moghaddam, (2005). “The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration,” *American Psychologist* 60, no. 2 161, достапно на: https://doi.org/10.1037/0003-066X.60.2.161.
[110] Adapted from Moghaddam, “The Staircase to Terrorism.”

Користејќи ја рамката ТСИ, скалите на Могадам за тероризмот опишуваат „трансформации во идентитетот“.[111] Оваа рамка помага да се поврзат еколошките, социјалните и индивидуалните фактори вклучени во радикализацијата. Приземјето на метафората на Могадам се однесува на материјалните услови, кои се во корелација со „нивото на воочена неправда и чувствата на фрустрација и срам.“[112] Имено, работите што ги доживува поединецот не се оправдување за тероризмот, туку се важни за разбирање на перцепцијата на поединецот на лишеност.[113] Во случај на закани за машкиот идентитет, концептот на братска лишеност или „чувства на лишување што се јавуваат поради положбата на групата на поединецот во однос на онаа на другите групи“, доаѓа во игра додека поединецот се обидува да ги усогласи неговите материјални услови со барањата на хегемонистичката машкост.[114] Ова чувство на лишеност може да резултира и со срам, „моќна негативна емоција за која се верува дека е резултат на зголемена свест (без разлика дали е вистинска или замислена) или негативна оцена од другите.“[115]

Како што поединците се искачуваат на првиот кат од скалите на Могадам, тие започнуваат „пронаоѓање решенија за она што тие го сметаат за неправеден третман“, а перципираните опции се обликуваат од „перципираните можности за лична мобилност... и нивните перцепции за процедуралната правда.“[116] Могадам објаснува дека гледиштето за правдата може да биде под влијание на перцепцијата на „влезовите и исходите за себе (или во групата) и влезовите и резултатите за другите (или надворешните групи).“[117] Психологот Мелвин Џеј Лернер ја испитал правдата во однос на социјалното однесување, откривајќи дека

---

[111] Fathali M. Moghaddam. (2006). *From the Terrorists' Point of View: What They Experience and Why They Come to Destroy,* Westport, CT: Praeger, loc. 500, Kindle.
[112] Fathali M. Moghaddam. (2005). "The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration," *American Psychologist* 60, no. 2, 162, достапно на: https://doi.org/10.1037/0003-066X.60.2.161.
[113] Moghaddam, 163.
[114] Ibid.
[115] Felicity W. K. Harper et al., (2005). "The Role of Shame, Anger, and Affect Regulation in Men's Perpetration of Psychological Abuse in Dating Relationships," *Journal of Interpersonal Violence* 20, no. 12, 1650, достапно на: https://doi.org/10.1177/0886260505278717.
[116] Fathali M. Moghaddam. (2005). "The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration," *American Psychologist* 60, no. 2, 163, достапно на: https://doi.org/10.1037/0003-066X.60.2.161.
[117] Fathali M. Moghaddam. (2008). *Multiculturalism and Intergroup Relations: Psychological Implications for Democracy in Global Context,* Washington, DC: American Psychological Association, loc. 2357 of 3853, Kindle.

луѓето треба да веруваат дека живеат во „праведен свет“.[118] Лернер објаснува: „Ова верување или потреба да се верува дека се живее во праведен свет е гледано како манифестација на „уверлива когнитивна тенденција која произлегува од општиот принцип на когнитивна рамнотежа.“[119] Неправедните или нефер искуства може да предизвикаат вознемиреност, кога поединци може да се обидат да ги ублажат своите разочарувања преку обвинување на други или припишување причина за некоја лоша работа што се случила.[120] За некои, тоа може да биде во форма на обвинување - жртва, а за други, може да има екстернализирање на вината.[121] Обвинувањето на жртвите се манифестира со поврзувањето на жртвата и нејзиното однесување кон причината за кривично дело. Со екстернализирање на вината, поединецот се гледа себеси како жртва и ја префрла вината на некој друг за воочената неправда што ја доживува.[122] Поединците гледаат на правдата врз основа на нивната перцепција за „како кон некој се третира во однос на други.“[123]

Психолозите Стуевиг и другите објаснија: „Врската на гневот и екстернализацијата на вината за асоцијално и агресивно однесување е добро утврдена… [и] агресивните и асоцијални индивидуи често користат когнитивни нарушувања за да ги оправдаат своите активности.“[124] Екстернализацијата на вината е „не само рационализирање на ’по фактот‘, туку… верувања и ставови кои теоретски придонесуваат за асоцијално однесување и конкретно агресија.“[125]

---

[118] Melvin J. Lerner. (1975). “The Justice Motive in Social Behavior: Introduction,” *Journal of Social Issues* 31, no. 3, 5, достапно на: https://doi.org/10.1111/j.1540-4560.1975.tb00995.x.
[119] Lerner, 5.
[120] Ibid.
[121] Melissa V. Harris-Perry. (2013) *Sister Citizen: Shame, Stereotypes, and Black Women in America*, reprint, New Haven, CT: Yale University Press, 188.
[122] Madfis, E. (2014). “Triple Entitlement and Homicidal Anger: An Exploration of the Intersectional Identities of American Mass Murderers.” *Men and Masculinities* 17, no. 1, 73, достапно на: https://doi.org/10.1177/1097184X14523432.
[123] Fathali M. Moghaddam. (2008). *Multiculturalism and Intergroup Relations: Psychological Implications for Democracy in Global Context,* Washington, DC: American Psychological Association, loc. 2357 of 3853, Kindle.
[124] Jeffrey Stuewig et al. (2010) “Shaming, Blaming, and Maiming: Functional Links among the Moral Emotions, Externalization of Blame, and Aggression,” *Journal of Research in Personality* 44, no. 1, 91–102, достапно на: https://doi.org/10.1016/j.jrp.2009.12.005.
[125] Stuewig, Jeffrey, June P. Tangney, Caron Heigel, Laura Harty, and Laura McCloskey. (2010).“Shaming, Blaming, and Maiming: Functional Links among the Moral Emotions, Externalization of Blame, and Aggression.” *Journal of Research in Personality* 44, no. 1, 91–102, достапно на: https://doi.org/10.1016/j.jrp.2009.12.005.

Екстернализацијата на вината кореспондира со Бергеровото скалило за градење идентитет во кој екстремизмот може да се развие додека во групите ги поврзуваат концептите на идентитетот и почнуваат да „се здружуваат на повеќекратни врски во единечни концептуални конструкции.“[126]

Поединецот може да го направи ова преку „разгледување на екстремизмот во групата“, или она што Хам и Спаај го опишуваат како развојот на „афинитет со онлајн симпатизери или екстремистички групи.“[127] Вториот кат од скалите на Могадам за тероризмот е отстранување агресија, која му овозможува на поединецот да обвини некој „друг“ за согледаната неправда што ја доживува. Отстранувањето на агресијата може да има повеќе функции: да го потврдат својот машки идентитет преку употреба на насилство или да служи како излез за чувствата на срам. Во една студија за машки лица на факултетска возраст, психолозите покажаа дека срамот и лутината се поврзани. Поконкретно... Се чини дека гневот служи како патека низ која срамот се изразува како психолошка злоупотреба.[128] Могадам забележува дека физичкото насилство е критичен фактор за поединецот да се искачи по скалите, а овој наод може да биде поучен за проучување на историјата на родово засновано насилство на терористите волци самотници, што може да го исполни овој критериум.[129] Волкот самотник можеби нема да оди по скалите на Могадам бидејќи откако ќе стигне до четвртиот кат, потребно е членство во терористичка организација. Патот кон насилството во моделот на Могадам бара членство во „строго контролирана група“ што во одреден процент е и спротивно од терористичкото искуство на осамениот волк. Како и да е, клучно нешто од анализата на Могадам е како меѓугрупната динамика може да овозможи тероризам бидејќи во „категоризирање на целта, вклучува и

---

[126] J. M. Berger. (2017). *Extremist Construction of Identity: How Escalating Demands for Legitimacy Shape and Define In-Group and Out-Group Dynamics,* The Hague: International Centre for Counter-Terrorism, 57, достапно на: https://icct.nl/publication/extremist-construction-of-identity-how-escalating-demands-for-legitimacy-shape-and-define-in-group-and-out-group-dynamics.
[127] Hamm and Spaaij, (2018). *The Age of Lone Wolf Terrorism*, 159; J. M. Berger. (2018), *Extremism* Cambridge, MA: MIT Press, 125.
[128] Harper, Felicity W. K., Amanda G. Austin, Jennifer J. Cercone, and Ileana Arias. (2005). "The Role of Shame, Anger, and Affect Regulation in Men's Perpetration of Psychological Abuse in Dating Relationships." *Journal of Interpersonal Violence* 20, no. 12, 1658, достапно на: https://doi.org/10.1177/0886260505278717.
[129] Fathali M. Moghaddam. (2005). "The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration," *American Psychologist* 60, no. 2, 162, достапно на: https://doi.org/10.1037/0003-066X.60.2.161.

цивили, како непријатели и преувеличување на разликите помеѓу внатрешната група и надворешноста од групата, терористите психолошки се оградуваат и другите луѓе имаат намера да ги уништат.“[130] Оваа меѓугрупна динамика го осветлува моментот како еден поединец може да изврши терористички чин и нема потреба од формално членство во вистински група да формира идентитет на овој начин. Иако скалите на Могадам корисно го опишуваат психолошкиот процес на станување терорист преку интеграција на овие влегувања во терористички групи, каде што се потпираат на групната динамика. Бидејќи терористите кои дејствуваат сами, по дефиниција, вршат дела на тероризам, но не припаѓаат на група, моделот на скалила не ја објаснува соодветната радикализација на оваа популација. Скалилата не успеваат соодветно да го објаснат скокот од екстремистичката мисла за акција без притисоци водени од група.

[130] Fathali M. Moghaddam, (2005). "The Staircase to Terrorism: A Psychological Exploration," *American Psychologist* 60, no. 2, 166, достапно на: https://doi.org/10.1037/0003-066X.60.2.161.

## 5. Екстремизам

Насилниот екстремизам се однесува на акти на насилство што се должат или се поврзани со таква идеологија што е екстремно верска, социјална или политичка. Обично, насилниот екстремизам концептуално се смета како поекспанзивен и понијансиран за разлика од тероризмот.[131] Акцискиот план на генералниот секретар на Организацијата на Обединетите нации за спречување на насилниот екстремизам укажува дека „насилниот екстремизам опфаќа поширока категорија на манифестации и постои ризик дека евентуален конфликт помеѓу двата поима може да доведе до оправдување на прекумерна примена на контратерористички мерки, вклучително и такви мерки против разни видови однесувања што не треба да бидат оквалификувани како терористички акти“.[132] Постојат значителни семантички и концептуални предизвици во терминологијата што се поврзани со насилниот екстремизам и тероризам, особено од перспектива на човековите права.[133]

Во *American Heritage Dictionary* екстремистот се дефинира како „личност која се залага или прибегнува кон мерки надвор од нормата, особено во политиката.“ Нешто слично се дефинира и во *Oxford Learner's Dictionary* како политички, верски итн. идеи или постапки кои се екстремни, неразумни или неприфатливи за повеќето луѓе.

Насилниот екстремизам може да се дефинира како „поединци или групи кои се обидуваат да ги променат политиките на општеството или владата преку

---

[131] Види преглед на литературата за спротивставување на насилниот екстремизам од страна на Насер-Един, Гархам, Агостино и Калја (2011 година); Насилен екстремизам од Глазард и Зеутен (2016 година); С/С НЕРВТ: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ, Нуман (2017 година).
[132] Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, A/A/70/674).
[133] Документ на ОН. /hrC/31/65 извештај на специјалниот известувач за промовирањето и заштитата на човековите права и основните слободи во спротивставувањето на тероризмот.

закана или употреба на насилство за да постигнат идеолошки, верски или политички цели.“[134]

Иако екстремистите не се неопходно вклучени во насилство, фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние кои не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии или физичко приклучување кон насилни групи.

Но, како тероризмот се разликува од екстремизмот? Стратегијата за борба против екстремизмот во 2015 година вели: „Екстремизмот е гласно или активно противење на нашите фундаментални вредности, вклучувајќи ги демократијата, владеењето на правото, индивидуалната слобода и почитувањето и толеранцијата за различните вери и верувања. Исто така, повиците за смрт на членовите на нашите вооружени сили ги сметаме за екстремистички.“

Важно е да се запамети дека сите екстремистички групи, без разлика дали се исламистички, екстремно десничарски, мешани или со нејасни идеологии или други, нема да вршат терористички или насилни дејства. Сепак, некои групи претставуваат посебни закани, и онлајн и офлајн.

---

[134] Hutchinson, Jade. (2017). "Violent Extremism and Far-Right Radicalism in Australia: A Psychosocial Perspective", *Counter Terrorist Trends and Analyses*, vol. 9, no. 11, International Centre for Political Violence and Terrorism Research, pp. 16–19, достапно на: http://www.jstor.org/stable/26351568

### 5.1. Ефект на копирање – „Copycat effect“

Ефектот на копирање првпат беше идентификуван во значајна студија спроведена од американскиот социолог Дејвид П. Филипс. Социологот Дејвид го измисли терминот „Вертеровиот ефект“ во 1970-тите во однос на романот на Јохан Волфганг фон Гете „Тагите на младиот Вертер“. Каде што протагонистот трпи невозвратена љубов и се самоубива. Дури и во 18 век, приказната инспирираше голем број копирани самоубиства со познатата изрека „Да умрам како Гетеовиот Вертер.“ Тој документираше значителен пораст на стапката на самоубиства откако приказните за самоубиства беа објавени во печатот и во Соединетите Држави и во Обединетото Кралство.[135] Додека последователно истражувањето успешно утврди дека медиумското објавување на самоубиство има значаен ефект врз самоубиственото однесување кај неговите читатели или гледачи, две студии за копирани ефекти ретко се наоѓаат во други области. За ова, и во полето на антитерористичките студии не е исклучок. Засега, останува нејасно до кој степен може да се утврди таков ефект на копирање во самоубистveniот или општо во тероризмот.

Ваквиот начин на копирање кој уште може да се сретне како „ефект на зараза“, „имитација“, „мимезис“ и „кластери“, стана и многу честа појава денес. Самата психолошка состојба на еден човек се подига кога некоја личност ќе ја зацрта како идол, или некоја активност ќе преставува храбар чин кој тој треба да го изврши. Дејвид Вилсон, криминолог и професор на Државниот универзитет во Бирмингем во Велика Британија, вели дека „ефектот на копирање“ е добропознат и темелно проучен од криминолозите. Студиите покажуваат дека овој феномен има многу нијанси и дека зависи многу повеќе од околностите отколку што се мисли. Ниту една лавина сензационалистичко медиумско покривање на злосторството веројатно нема да доведе секој кој е стабилен да изврши кривично дело како она за кое се пишува. Дејвид вели дека медиумското известување може да ги зголеми шансите оние кои се склони кон насилство да станат „имитатори“ со намалување на нивните инхибиции, односно психолошки сопирачки. Им се

[135] D. Phillips, (1974), „The Influence of Suggestion on Suicide: Substantive and Theoretical Implications of the Werther Effect“, *American Sociological Review* 39, no.3 стр.340 -354;

даваат инструкции како да успеат во она што го зацртале и им се сугерира дека ќе добијат медиумско внимание за нивните постапки. Во суштина, таканаречениот „имитатор“ веќе има склоност кон насилство, а медиумското покривање не е активирач, туку водич.

Со оглед на нивното огромно општествено влијание, како пример може да ги земеме престрелките во училиштата кои исто така беа предмет на копирање. Иако големината на примерокот од такви настани е многу мала, што ги попречува квантитативните анализи, постојат некои анегдотски докази дека имитативното однесување одиграло улога во неколку престрелки во училиштата. Во 2013 година, на пример, американскиот тинејџер Грант Акорд беше уапсен поради планирање напад во „колумбински стил“ во неговото средно училиште во Орегон. Тој поседувал голем број списоци за проверка и шеми кои го користеле пукањето во средното училиште во Колорадо во 1999 година како инспирација.[136] Уште еден ваков најнов пример е примерот со младиот ученик Коста Кецмановиќ во Србија кој го планирал нападот со недели, а составил список на деца како „приоритетни цели“ и план за движење низ училиштето, при што Коста често гледал криминалистички филмови, серии, но и документарци за масовни убиства, дури и оние во училиштата. Конкретно, тој бил опседнат со документарниот филм „Американска трагедија“, кој покажува како страдаат мајките на жртвите, но и како страда мајката на убиецот поради тоа што го направило нејзиното дете. Тој документарец го гледал неколку пати и ја идентификувал мајката на убиецот со сопствената мајка.[137]

Ефектот на копирање поточно е огледало на еден терористички акт кој преминува на друг. Главната улога или причинителот да дојде до друг, ист или делумно сличен терористички чин се медиумите и интернет-мрежите. Според тоа, Махмуд Еид тврди дека медиумите се водени од конкуренцијата и профитот, и последователно напредуваат со насилство и контроверзии. Тие профитираат од сензационализирачките приказни колку што е можно повеќе, бидејќи ги

---

[136] G.Muschert, (2002) *„Media and Massacre“ The Social Construction of the Columbine Story“*, PhD Dissertation, University of Colorado;
[137] Преземено од: https://www.telegraf.rs/vesti/hronika/3673298-kosta-opisao-masakr-koji-je-pocinio

зголемуваат нивниот рејтинг и бројот на гледачи. Така, медиумите со задоволство го емитуваат насилството на терористичките напади, давајќи им платформа на сторителите на насилство и проширувајќи го нивното влијание низ целиот свет.[138] Оваа перспектива ги става медиумите како виновни учесници во циклусот на извршување тероризам поготово кај волците самотници. Сепак, според многумина, ова е премногу поедноставен став. Кевин Џи Барнхарст наведува дека постојат два модели на односот помеѓу медиумите и тероризмот. Во првиот модел, медиумите се виновни за тероризам. Тоа значи дека постои причинско-последична врска помеѓу медиумите и тероризмот. Овој однос води до решение кое бара медиумска регулација, бидејќи нивното покривање на тероризмот поттикнува, како што кажав, исти или делумно слични напади. Во вториот модел, медиумите се ранливи на тероризам и жртви на нивната улога во засилувањето на тероризмот. Овде, регулирањето на медиумите само би ги поттикнало терористите да се префрлат на други средства за комуникација, кои се лесно достапни во либералните општества, а тоа се интернет-мрежите (на пример, социјални медиуми и други онлајн медиумски платформи).[139]

[138] Mahmoud Eid, (2013), 'The New Era of Media and Terrorism', *Studies in Conflict & Terrorism*, стр. 609–615;

[139] Kevin G Barnhurst, 'The Literature of Terrorism', in A O Alali and Kenoye Kelvin Eke (eds), *Media Coverage of Terrorism: Methods of Diffusion* (London: SAGE, 1991), стр. 112–37; Jonathan Matusitz, Terrorism and Communication (London: SAGE, 2013), стр. 125–26.

## 6. Бихевиорални фактори

Вообичаен научен пристап за разбирање на терористите волци самотници или осамените актери е да се истражуваат оние поединци кои ја исполнуваат дефиницијата за да ги идентификуваат заедничките карактеристики или особини. Бидејќи дефиницијата за осамениот актер варира, збирките на податоци што се користат за овие студии не се исти и не даваат конечен профил. На пример, студијата на Гил за однесувањата на терористите волци самотници покажа дека 32,8 % од осамените актери во неговата база на податоци „биле окарактеризирани со покачено ниво на стрес“, но не е идентификувано ниту едно однесување што може да посочи дека станува збор за потенцијален терорист.[140]

Генерално, истражувачите им пристапиле на бихевиоралните студии на два начина: испитување на поединците кои се осамени терористички актери преку шаблони и споредување на терористите осамени актери со терористите базирани на групи за да ги идентификуваат разликите.

Иако истражувачите допрва треба да се соберат и да дадат заедничка слика на еден профил на терорист волк самотник, тие идентификуваа некои модели кај терористичките популации на осамен актер. Студијата на Хам и Спаај за „осамените волци“ покажа дека „обично, осамените волци се бели, невработени, самохрани мажи од урбана област со претходна криминална рап-листа.“[141] Студија од 2019 година на Федералното биро за истраги (ФБИ) дава слични наоди: „Единствениот демографски тренд кој постојано се гледа во студиите за насочено насилство е огромната застапеност на машки сторители“, и 65 % од прекршителите биле бели, 73 % биле самци, 54 % биле невработени и 70 % биле уапсени по нивното полнолетство извршувајќи ги нивните напади.[142] Иако повеќето од апсењата идентификувани во студијата на ФБИ не беа за насилни злосторства, „повеќе од половина претходно се вклучиле во физичко насилство

[140] Paul Gill, John Horgan, Paige Deckert. (2014). “Bombing Alone: Tracing the Motivations and Antecedent Behaviors of Lone-Actor Terrorists,” *Journal of Forensic Sciences* 59, no. 2, 433, достапно на: https://doi.org/10.1111/1556-4029.12312.
[141] Hamm, Mark, Ramon Spaaij. (2007). *The Age of Lone Wolf Terrorism*. New York: Columbia University Press, 2017, viii.
[142] National Center for the Analysis of Violent Crime, (2019). *Lone Offender: A Study of Lone Offender Terrorism in the United States (1972-2015),* Washington, DC: Federal Bureau of Investigation, 12–18, достапно на: https://www.fbi.gov/news/stories/fbi-releases-lone-offender-terrorism-report-111319.

или насилство, било одразено во историјата на апсење на сторителот или во извештаи дадени од поединци кои го знаеле престапникот и дале информации за таквото лице.“ [143] Дополнително, истражувачите идентификувале дека околу половина од терористите волци самотници имаат дијагностицирана ментална болест.

Истражувачите за управување со кризи Земан, Брен и Урбан откриле дека лицата пред да извршат напад, односно 43 % на терористите волци самотници им била дијагностицирана ментална болест.[144] Слично на тоа, Хам и Спаај откриле 42 % од посттерористите волци самотници од 11 септември имале дијагноза за ментална болест, што е „во согласност со двете други истражувања за осамените волци и со пошироки студии за криминалци и атентатори.“[145]

Истражувачите, исто така, во голема мера се согласуваат дека нападите на осамените актери имаат тенденција да користат огнено оружје.[146] Овие наоди укажуваат дека некои карактеристики може да бараат понатамошно истражување, особено пол, статус на врска, статус на вработување, криминална историја и употреба на огнено оружје. Компаративните студии вклучуваат испитување на Груневалд, Чермак и Фрајлих на осамени и групни екстремни десничарски екстремисти и студијата на Хорган и другите на поединци во Соединетите Американски Држави со убедувања поврзани со тероризам и џихадистички идеологии.[147]

---

[143] National Center for the Analysis of Violent Crime, (2019). *Lone Offender: A Study of Lone Offender Terrorism in the United States (1972-2015)*. Washington, DC: Federal Bureau of Investigation, достапно на: https://www.fbi.gov/news/stories/fbi-releases-lone-offender-terrorism-report-111319.

[144] Tomáš Zeman, Jan Břeň, Rudolf Urban, (2018). “Profile of a Lone Wolf Terrorist: A Crisis Management Perspective,” *Journal of Security and Sustainability Issues* 8, no. 1, 10, достапно на: https://doi.org/10.9770/jssi.2018.8.1(1).

[145] Hamm, Mark, Ramon Spaaij. (2017). *The Age of Lone Wolf Terrorism*. New York: Columbia University Press, 54.

[146] Paul Gill, Emily Corner. (2013). “Disaggregating Terrorist Offenders: Implications for Research and Practice: Loner Attacks and Domestic Extremism,” *Criminology & Public Policy* 12, no. 1, 93, достапно на: https://doi.org/10.1111/1745-9133.12015; Bart Schuurman et al., (2018). “Lone Actor Terrorist Attack Planning and Preparation: A Data-Driven Analysis,” *Journal of Forensic Sciences* 63, no. 4, 1193, достапно на; https://doi.org/10.1111/1556-4029.13676; Hamm and Spaaij, *The Age of Lone Wolf Terrorism*, 7, 43; Paul Gill et al., (2016). “Indicators of Lone Actor Violent Events: The Problems of Low Base Rates and Long Observational Periods,” *Journal of Threat Assessment and Management* 3, no. 3–4, 165, достапно на: https://doi. org/10.1037/tam0000066.

[147] John Horgan et al., (2016). “Actions Speak Louder Than Words: A Behavioral Analysis of 183 Individuals Convicted for Terrorist Offenses in the United States from 1995 to 2012,” *Journal of Forensic Sciences* 61, no. 5, 1228, достапно на: https://doi.org/10.1111/1556-4029.13115.

Во студија за крајно десничарските екстремисти, Груневалд, Чермак и Фрајлих испитувале осамени и групни однесувања, заклучувајќи дека повеќето престапници од двете категории биле бели мажи невработени и со претходни криминални активности.[148] Научниците забележале: „Осамениците кои припаѓаат на екстремната десница имаат поголема веројатност да имаат воено потекло, помали се шансите да бидат во брак, исто така голема е веројатноста да планираат да умрат при самото извршување на терористичкиот акт, да живеат сами, да користат огнено оружје, да убиваат повеќе жртви, и да изберат владини цели.“[149]

Студијата исто така покажала дека екстремно десничарските осаменици имаат тенденција да бидат постари, со просек од 35 години во споредба со просечната возраст на групните престапници од 27–44 години. Бихевиоралната студија на осудените џихадистички терористи, Хорган и другите најдоа сличности и разлики меѓу осамените актери и оние кои биле дел од група или „терористичка ќелија“.[150]

Осамените актери обично се постари од терористите кои учествуваат во групи и Хорган и другите откриле дека „осамените актери имаат поголема веројатност да бидат ’самци‘ и без деца. Голема е веројатноста дека терористите волци самотници во моментот на извршување на нападот да биле дел од одредена војска.“[151] Во овие две студии за различни идеологии, се појавуваат заеднички теми поврзани со статусот на врската, возраста, и военото искуство или припадност. Мислењето на научниците, исто така, се разликува во значењето на полот во разбирањето на ваквите осамени терористи.

Гил смета дека мажите имаат поголема веројатност да извршат насилни акти и криминални дејства, генерално.[152] Сепак, МекКалох и другите велат дека за целосно „да се разберат терористите волци самотници и насилството, генерално,

[148] Jeff Gruenewald, Steven Chermak, Joshua D. Freilich, (2013). “Distinguishing ‘Loner’ Attacks from Other Domestic Extremist Violence: A Comparison of Far-Right Homicide Incident and Offender Characteristics,” *Criminology & Public Policy* 12, no. 1, 78–79, достапно на: https://doi.org/10.1111/1745-9133.12008.
[149] Ibid.
[150] Horgan, John, Neil Shortland, Suzzette Abbasciano, Shaun Walsh. (2016). “Actions Speak Louder Than Words: A Behavioral Analysis of 183 Individuals Convicted for Terrorist Offenses in the United States from 1995 to 2012.” *Journal of Forensic Sciences* 61, no. 5, 1233, достапно на: https://doi.org/10.1111/1556-4029.
[151] Ibid.
[152] Gill, Paul. (2015). *Lone-Actor Terrorists: A Behavioural Analysis*. New York: Routledge, 32 .

треба да го прошириме нашиот фокус за да можеме вистински да ги видиме континуитетите, како и руптурите, во однесувањето на мажите кои вршат насилство.“[153]

## 6.1. Теорија на социјален идентитет, машкост и тероризам

Во академската студија за тероризмот доминираа дефинитивните прашања дискутирани претходно; сепак, некои научници ги оспорија дефинициите кои ја фокусираат анализата на тероризмот само на поимите на политичката идеологија. При испитувањето на потенцијалните влијанија на полот врз проучувањето на тероризмот, некои политички мотиви можеби не се доволни за да се сметаат за тероризам, особено во контекст на американскиот домашен тероризам. Научниците за безбедност Валери М. Хадсон и Кејли Б. Хоџсон ги истражуваат терористичките поплаки во рамките на полот и „тврдат дека општествениот карактер на машко-женските односи е еден критичен структурен фактор и дека постои диференцијална важност поврзана со полот на многумина претходно.“[154]

Поединците формираат слоеви на идентитет врз основа на улогите во општеството и преку споредба и контраст со другите. Преку социјализација, луѓето стануваат акултурирани на норми кои ја обликуваат нивната самодефиниција и интеракциите со другите. Теорија на социјален идентитет (ТСИ) испитува како луѓето го градат своето чувство за себе во однос на другите и како конструкциите резултираат со конфликт или соработка помеѓу групи луѓе. Според ТСИ, ова разбирање за себе како дел од општествените групи објаснува како поединците комуницираат. ТСИ е вкоренето во работата на Анри Тајфел, кој ја виде улогата на поединечното разбирање кај себе, нечија улога во групите и улогата на

---

[153] McCulloch, Jude, Sandra Walklate, JaneMaree Maher, Kate Fitz-Gibbon, Jasmine McGowan. (2019). “Lone Wolf Terrorism through a Gendered Lens: Men Turning Violent or Violent Men Behaving Violently?” *Critical Criminology* 27, no. 3, 437–450, достапно на: https://doi.org/10.1007/s10612-019-09457-5.

[154] Valerie M. Hudson, Kaylee B. Hodgson. (2020). “Sex and Terror: Is the Subordination of Women Associated with the Use of Terror?,” *Terrorism and Political Violence,* 3, достапно на: https://doi.org/10.1080/09546553.2020.1724968.

општеството во изградбата на групниот раздор и вообичаено застапени предрасуди.[155]

ТСИ се обидува да ги објасни овие когнитивни процеси, да ги испита врските помеѓу општественото однесување и формирањето на индивидуалните верувања и анализира како тие верувања се споделуваат во групите.

Членството или здружувањето со општествени групи ги дефинира сите поединци. Психологот и ТСИ научникот Мајкл Хог објаснува: „Социјалниот идентитет го дефинира и оценува нечиј самоконцепт и како другите ќе го третираат и мислат за него.“[156] Како резултат на тоа, луѓето инвестираат во групата на која припаѓаат, или „во групата“, дефинирајќи ги оние надворешни како „надвор од групата“. Хог ја детализира врската помеѓу сопствениот концепт и во групата: „Кога луѓето прават споредби помеѓу сопствената група и надворешната група за која се загрижени да се осигурат дека нивната сопствена група е позитивно карактеристична, јасно диференцирана од и поповолно оценета од релевантните надворешни групи.“ [157] Формирањето на идентитетот преку споредбата и создавањето внатрешни групи и надворешни групи не е статичен процес. Одржувањето на групниот идентитет зависи од „структурите на субјективни верувања“ кои се фокусираат на *статус (Каква е социјалната положба на мојата група во однос на надворешните групи?), стабилност (Колку е стабилен овој статусен однос?), легитимност (Колку е легитимен овој статусен однос?), пропустливост (Колку е лесно за луѓето да го променат својот социјален идентитет со „преминување“ надвор од групата?) и когнитивни алтернативи (Дали може да се замисли различен меѓугрупен однос?).*[158]

---

[155] Michael A. Hogg. (2016). “Social Identity Theory,” in *Understanding Peace and Conflict through Social Identity Theory: Contemporary Global Perspectives*, ed. Shelley McKeown, Reeshma Haji, and Neil Ferguson, Cham: Springer International Publishing, 3, достапно на: https://doi.org/10.1007/978-3-319-29869- 6_1.
[156] Hogg, 7.
[157] Michael A. Hogg. (2016). “Social Identity Theory,” in *Understanding Peace and Conflict through Social Identity Theory: Contemporary Global Perspectives*, ed. Shelley McKeown, Reeshma Haji, and Neil Ferguson, Cham: Springer International Publishing, 3, достапно на: https://doi.org/10.1007/978-3-319-29869- 6_1.
[158] Hogg, 7.

Поединците постојано ги оценуваат овие фактори за да го обликуваат и да управуваат со нивниот идентитет во услови на промени во нивната околина.

Иако овие групи може да бидат реални групи, како терористички организации, идентификацијата со група или согледана група може да биде дел од идентитетот на една личност без интеракција со други членови. Музафер Шериф објаснува: „Референтните групи се оние општествени единици со кои поединецот се поврзува или се стреми да се поврзе психолошки.“[159] Понатаму, „неговата концепција за нив може да не кореспондира тесно со нивната природа, манифестираните вредности и цели како што се проучуваат објективно на социолошко ниво“,[160] дури и во отсуство на формално членство во групата. Идиомот „ти си тој со кој ќе се дружиш“ може да се прилагоди на „ти си тој што мислиш дека таму припаѓаш.“

Иако овој тип групна идентификација може да биде конвенционален, може да има предвидливи неповолни исходи во смисла на стереотипизирање и предрасуди. Теоријата на самокатегоризација го објаснува процесот со кој прототипите, или „когнитивното претставување на карактеристиките што ги опишуваат и пропишуваат атрибутите на групата“ се формираат и за во групата и за надвор од групата.[161] Хог објаснува дека прототипите „обично не се списоци за проверка на атрибути, но, попрво, нејасни множества кои често ги доловуваат карактеристиките на членството во групата зависни од контекст во вид на претстави на примерни членови (вистински членови на групата кои најдобро ја отелотворуваат групата) или идеалните типови (апстракција на групни карактеристики).“[162] Прототипите се стенографски за декодирање на социјалниот контекст за да се идентификува она што некого го прави член на групата или не е член на групата, и, како такви, тие се обидуваат да ги опишат групите како значително различни, со јасни контрасти од надвор од групата и силен афинитет

[159] Muzafer Sherif. (1962). “The Self and Reference Groups: Meeting Ground of Individual and Group Approaches,” *Annals of the New York Academy of Sciences* 96, no. 3, 801.
[160] Ibid.
[161] Michael A. Hogg, Deborah J. Terry. (2000) “Social Identity and Self-Categorization Processes in Organizational Contexts,” *Academy of Management Review* 25, no. 1, 123, достапно на: https://doi.org/10.2307/259266.
[162] Ibid.

внатре во групата.[163] Иако потенцијално штетни, прототипите им обезбедуваат на поединците самодоверба и им помагаат да се справат со неизвесност и конфликт.[164]

Истражувачите ефективно го искористија ТСИ за подобро да го разберат тероризмот. Дејвид Бранан, Кристин Даркен и Андерс Стриндберг тврдат: „Тероризмот е форма на социјална интеракција“, што се подразбира „во рамките на релевантни социјален и културен контекст.“[165] Могадам додава: „Да се стане терорист е повеќе од само учество во терористички активности; тоа е трансформирање на самиот себе за да се дојде до одреден идентитет.“[166] Могадам и Бергер ја искористија теоријата на социјален идентитет за да ги разберат факторите, процесите и влезните податоци во формацијата на идентитетот кои водат до екстремистичко насилство. Иако овие модели имаат недостатоци за разбирање на индивидуалното однесување надвор од терористичка група, земени заедно, тие обезбедуваат суштинска поддршка за наодите во ова истражување бидејќи тие може да се искористат за да помогнат за разбирање на процесот на индивидуална радикализација.

---

[163] Michael A. Hogg, Deborah J. Terry. (2000) “Social Identity and Self-Categorization Processes in Organizational Contexts,” *Academy of Management Review* 25, no. 1, 123, достапно на: https://doi.org/10.2307/259266.
[164] Michael A. Hogg. (2016). “Social Identity Theory,” in *Understanding Peace and Conflict through Social Identity Theory: Contemporary Global Perspectives*, ed. Shelley McKeown, Reeshma Haji, Neil Ferguson, Cham: Springer International Publishing, 14, достапно на: https://doi.org/10.1007/978-3-319-29869- 6_1.
[165] David W. Brannan, Kristin M. Darken, Anders Strindberg. (2014). *A Practitioner’s Way Forward: Terrorism Analysis,* Salinas, CA: Agile Press, 45.
[166] Fathali M. Moghaddam. (2006), *From the Terrorists’ Point of View: What They Experience and Why They Come to Destroy,* Westport, CT: Praeger, loc. 237 of 2403, Kindle.

## 6.2. Скала за конструкција на идентитет

Скалата на J. W. Berger за конструкција на идентитет произлегува од теоријата на социјален идентитет, но се фокусира на прашање на „легитимност“ наместо „статус“. Бергер објаснува: „Статусот мора да се разбере во однос на динамиката во групата/надвор од групата, додека легитимноста нуди почетна точка која првенствено се фокусира на подобрување внатре во групата во претходните состојби на конструкција на идентитет, пред да се прошири за да се осврне на споредбите со надворешните групи.“[167] Оваа разлика е особено важна во разгледувањето на осамените актери кои можеби се движат кон екстремизам врз основа на референтни групи.

Бергеровото испитување на „екстремистичката конструкција на идентитетот“ доаѓа од  проучување на движењето на белата надмоќ познато како христијански идентитет и има широки лекции за тоа како екстремистичката идеологија се заплеткува со идентитетот на поединецот. Бергер објаснува дека идентитетот се формира од она во што веруваме до она што го правиме, вклучително и внатрешните квалитети со кои можеби сме родени „како што се раса, етничка припадност, племе, пол, државјанство или сексуален идентитет.“[168]

И поединците и групите ги користат овие фактори за да разберат како се слични и различни од другите и да бараат легитимност. Кога една група формира идеологија заснована на идентитет, екстремизмот може да ескалира преку создавање наративи и култура и преку „две дополнителни линии на развој: перцепцијата на заканата од надворешна група и рецептот за решавање на таа закана.“[169] Бергер објаснува дека насилството е поверојатно бидејќи „идентитетот надвор од групата почнува да се гледа како внатрешен и повторно кога надворешногрупниот идентитет ги инкорпорира очекуваните идни

[167] Berger. (2017). *Extremist Construction of Identity: How Escalating Demands for Legitimacy Shape and Define In-Group and Out-Group Dynamics*. The Hague: International Centre for Counter-Terrorism, 5, достапно на: https://icct.nl/publication/extremist-construction-of-identity-how-escalating-demands-for-legitimacy-shape-and-define-in-group-and-out-group-dynamics/.
[168] Berger, 54.
[169] Berger, 55.

однесувања.“ [170] Со други зборови, штом конструкцијата на идентитетот на поединецот ќе се поврзе со верувањето дека надвор од групата има непроменливи, заканувачки квалитети – и надвор од групата неизбежно ќе преземе дејства што го загрозуваат неговиот опстанок – тогаш се чини дека насилството е единственото решение. Додека Бергер пишува за екстремистичката идеологија како „исход од процесот на групна радикализација“, поединецот може да користи екстремистички идеологии на сличен начин. Дополнително, моделот на Бергер на радикализацијата додава цикличен елемент, каде што „поединците ќе го оценат влијанието на нивното засилено вклучување во смисла на материјални и нематеријални придобивки за себе и групата.“ [171] Овој цикличен пристап се усогласува со моделот на Хам и Спаај и помага да се објасни итеративната природа на радикализацијата, со континуирани инпути за време на ескалацијата на екстремизмот.

[170]Ibid
[171] Berger. (2018). *Extremism,* Cambridge, MA: MIT Press, 126.




*Сл.5 Скала на конструкција на идентитет и перцепција на ескалација на закани*[172]

[172] Преземено од Berger, *Extremist Construction of Identity*, 56.

## 6.3. Теорија за социјален идентитет на осаменик

Недостигот на групна динамика претставува предизвик за примена на теоријата на социјален идентитет и други модели на радикализација на осамените терористи, но не и непремостлив. „Референтното информативно влијание“ на Џон К. Тарнер може да го премости јазот помеѓу овие теории. Овој концепт смета дека поединците сами го дефинираат своето членство во групата, „формираат или ги учат стереотипните норми на таа категорија“ и сами си ги доделуваат овие стереотипи.[173] Референтното информативно влијание објаснува како поединците можат да го перципираат членството во групата дури и без други членови бидејќи самокатегоризацијата резултира со интернализирани норми што поединецот си ги наметнува. Интересно, Тарнер откри дека „нечиј стереотип во групата“ диктира усогласеност, така што „сопственото однесување на поединецот може да стане повеќе нормативно во исто време како што се разликува од забележливото однесување на другата група членови.“[174] Исто така, теоријата за референцијално информативно влијание може да не бара членови за информации во групата или социјално влијание; наместо тоа, верувањата во групата може да бидат формирани како резултат на „убедливи членови на надворешна група (на пример, масовни медиуми, училишта, итн.)“ и „меѓуперсонална комуникација и споредба... не се средство за влијание, бидејќи тие не се неопходни за зголемена усогласеност.“[175] Накратко, референцијалната информативна теорија на влијание може да се покаже корисна во објаснувањето како радикализацијата на осамените поединци кои инкорпорираа модели забележани во динамиката во групата.

---

[173] John C. Turner, “Towards a Cognitive Redefinition of the Social Group,” in *Social Identity and Intergroup Relations*, ed. Henri Tajfel (Cambridge: Cambridge University Press), 31.
[174] Turner, 32.
[175] Turner, 33.




*Сл. 6 Фази на референтно информативно влијание*[176]

Теоријата на влијанието на референтните информации има особено значење со оглед на сеприсутната природа на интернетот. Истражувачите на тероризмот ја идентификуваат улогата на интернетот како алатка за радикализација. Сепак, тие можеби ја пропуштија пошироката динамика на тоа како поединците комуницираат со групите, го изразуваат политичкиот идентитет и се формираат идентитети со оглед на промените во начинот на кој комуницираме преку интернет. Џија Толентино опишува како интернетот има „позициониран личен идентитет како центар на универзумот“ и „пропаднат идентитет, мислење и акција“.[177] Тој исто така вели дека активноста на интернет им создаде средина каде што сопствените перформанси имаат поголема тежина отколку акцијата и „организацискиот принцип на опозиција“ го придвижува интернетот.[178] Дополнително, референтните групи може да имаат зголемено влијание за идентитетот, а прототипите на перципираната група може да се обликуваат од коморатa за ехо на интернетот, кој „одговара на нашите свесни избори и алгоритамски водени преференции.“[179]

---

[176] Joanne R. Smith. (2010). "Referent Informational Influence Theory," in *Encyclopedia of Group Processes & Intergroup Relations,* Thousand Oaks: SAGE Publications, 688–89, достапно на: https://doi. org/10.4135/9781412972017.
[177] Jia Tolentino. (2019). *Trick Mirror: Reflections on Self-Delusion,* New York: Random House, 14, 19.
[178] Tolentino, 22.
[179] Ibid.

При разгледувањето на осамените актери, теоријата на идентитет може да изгледа како поблиска адаптација каде што повеќе делува на индивидуата, наместо на групата, и „објаснува како поединците ги организираат значењата на идентитетот, ги применуваат во социјални ситуации и реагираат на повратните информации поврзани со идентитетот“.[180] Сепак, оваа теза ја користи теоријата на социјален идентитет поради неговата релевантност за референтни групи, како и групни интеракции со екстремистички идеологии.

[180] Jenny L. Davis, Tony P. Love, Phoenicia Fares. (2019). “Collective Social Identity: Synthesizing Identity Theory and Social Identity Theory Using Digital Data,” *Social Psychology Quarterly* 82, no. 3, 2.

## 7. Подем на саморадикализиран терорист осамен волк

Податоците од глобалниот индекс на тероризам[181] покажуваат пораст на индивидуални, неповрзани терористички напаѓачи на Запад. Повеќе инциденти се прават од рацете на терористите напаѓачи „волци самотници“ на Запад, според најновиот глобален индекс на тероризам.

Долгорочните податоци откриваат дека процентот на неповрзани напади или напади извршени од поединци без врска со терористичка група се зголемил од помалку од пет отсто во средината на 1970-тите на над 70 отсто за периодот помеѓу 2014 и 2018 година.

Подемот одразува два различни тренда:

– падот на организираниот екстремно левичарски политички тероризам и

– зголемувањето на масовните пукања од екстремната десница, обично извршени од поединец кој бил саморадикализиран или радикализиран првенствено преку интернет, наместо од личен контакт со други екстремно десничарски поединци или групи.

Генерално, според податоците, екстремно десничарските терористи имаат помала веројатност да бидат формално поврзани со некоја група отколку другите терористи.

